Цане Ризески

# СТО И ЕДНА КАКО ЕДНА

НА ГОРДАНА

**ЗАЛУДНО ПИШУВАЊЕ**

ТОЛКУ ПЕСНИ НИЗ ВЕКОВИ
А СИТЕ ЌЕ ЗАВРШАТ
ВО ЕДНА ОД НИВ

**РАЃАЊЕ**

ОВАА БЕЛИНА МЕЃУ МОИТЕ ПРСТИ
ОВАА БЕЛИНА НАОКОЛУ
ЧУСТВУВАМ КАКО ДЛАБОКО НЕГДЕ
ПРОДИРА В ГРАДИ
ЧУСТВУВАМ КАКО ПРЕКРИВА СОН
САМЕНО ДЕТЕ НАЛИК НА ЖЕНА
НАД ПОСТЕЛА СНЕЛО
БЕЛО НА ДЛАНКА

**ТАКА ГО ЗАПОЧНУВАМ ДЕНОТ**

ТАКА ГО ЗАПОЧНУВАМ ДЕНОТ
ТАКА ГО ЗАВРШУВАМ ЖИВОТОТ
ВО КРУГОТ ОД ЕДНА МИЛЈА
НЕ СМЕТАЈЌИ ГО СОНОТ
НЕ СМЕТАЈЌИ ГО ЗАНЕСОТ
СИТЕ МОИ ДУХОВНИ ПАТУВАЊА
СЕ ДО ИСТОЧНИТЕ ПРОВИНЦИИ НА КИНА

**XXX**

НЕ МУ ГО ДАДОВТЕ НА ЧОВЕКОТ
ОНА ШТО МУ Е НАЈПОТРЕБНО
НЕ ГО ЗЕДОВТЕ
НАЈДОБРОТО ОД НЕГО
ЕТЕ ЗАТОА
НЕМА НИКОГАШ ДА ГО ДОБИЕТЕ
НАЈУБАВОТО ОД НЕГО

**XXX**

ШТО Е БРАНОТ
ВО ОДНОС НА НЕМИРОТ
НИШТО
САМО ВОДА РАЗИГРАНА
А СМРТТА
ШТО Е СМРТТА

**ТРЕПЕРЕЊА**

ТОЛКУ РАБОТИ
ДА ПОСВРШАМ ИМАМ
ШТО ТРЕПЕРАМ
РАБОТИ ДА ПОСВРШАМ ИМАМ
ДОЛГО ЛИ ТРЕПЕРИШ- МИ ВЕЛИ
ДОЛГО - И ВЕЛАМ
А ТОЛКУ РАБОТИ
ДА ПОСВРШАМ ИМАМ
РАБОТИ ДА ПОСВРШАМ ИМАМ
ДА ПОСВРШАМ ИМАМ

**ПИЈАМ ВОДА ОД ИЗВОРОТ**

ПИЈАМ ВОДА ОД ИЗВОРОТ
И СЕ ТАКА
ВО СОНЦЕТО ГЛЕДАМ
НЕ ВЕЛАМ
ПИЈАМ ВОДА ОД ИЗВОРОТ
И СЕ ТАКА
ВО СОНЦЕТО ГЛЕДАМ
САМО
ПИЈАМ ВОДА ОД ИЗВОРОТ
И СЕ ТАКА
ВО СОНЦЕТО ГЛЕДАМ

## ШТО НЕ ГО ДОПРАШАВ СРЦЕТО

ШТО НЕ ГО ДОПРАШАВ СРЦЕТО
ДОКРАЈ
ПРЕД ДРУГИ
ДА КЛЕЧАМ И МОЛАМ
КАМЕЊА НА КУП
МОГИЛО МОЈА
БЕЛА И ЛЕДНА
СРЦЕВИНО

**ЗА СТО И КУСУР ГОДИНИ**

ЗА СТО ИКУСУР ГОДИНИ
СИТЕ НИЕ
ЌЕ БИДЕМЕ МРТВИ
И СТАРИЦАТА ОД КОЧАНИ
И НОВОРОДЕНОТО ОД БУРУНДИ
ЗА СТО И КУСУР ГОДИНИ
СИТЕ ЌЕ БИДЕМЕ
ДЕПОНИЈА ОД КОСКИ

## НА ЗЕМЈАТА

ГИ ДАДЕ СВОИТЕ ПЛОДОВИ
СПИЈ СЕГА БЕЗГРИЖНО
ВО ОКОТО НА СНЕГОТ
ДОДЕКА СО КАМЕНО РЕБРО
ВО РАНА ПРОЛЕТ
НЕ ТЕ ПРЕВРТАМ

**НА ЖЕНАТА**

ПЛАЧЕШ ОД ЗАРОДИШ
СО ВЕКОВИ
ДОДЕКА ВЕТРОВИ СИЛНИ
НЕ ТЕ ОПЛОДАТ
СО МОЕТО СЕМЕ
ДОДЕКА ГО ИМАМ

**НА МАШИНАТА**

ЈА ЗАВРШИ СВОЈАТА РАБОТА
НАПРАВИ ТОЛКУ ДВИЖЕЊА
ШТО СЕГА МОЖЕШ ДА МИРУВАШ
ДЕДЕКА ПОВТОРНО
СО ЕДЕН ПРСТ
НЕ ТЕ ВКЛУЧАМ

**СЕБЕСИ**

СЕ НОСИШ СО ВРЕМЕТО
НИЗ РЕЧНИ ПОРОИ
ОД БУЈНИ ПРИТОКИ
СО ГОЛО ТЕЛО
КОЕ НЕСЕБИЧНО ГО ПОДАВАШ
ЗА КАМЕНИ ТОВАРИ

**ДЕЛ СМЕ ОД ОКО**

НЕ ЧУДИ СЕ ШТО СПИЕШ
НА БРАДЕСТО КРИЛО
СЕКОЈ ОД НАС НОСИ
ДЕЛ ОД ЖИВОТНО

ОВИЕ ВЛАКНА
НА ТВОЕТО ЛИЦЕ
ДОПИР СЕ ОД ДЛАНКА
НА ШУМСКА КОШУТА

ОВАА РАНА
ГРАДИ ШТО ТИ СКРИВА
УДАР Е ОД ДИВИ
КОЊСКИ КОПИТА

И ОВИЕ КОСКИ
ОД НЕБЕСНА ПТИЦА
ЛАК СЕ ОД КРИЛЈА
НА ТВОИТЕ РАМЕНА

НЕ ЧУДИ СЕ ШТО БУДИШ
ПРАСТАРА ЛИКА
ДЕЛ СМЕ ОД ОКО
НА ВОЛЧЈА ПУСТИНА

**ГОЗБА**

ТИ МОЖЕШ ДА ЗЕМЕШ
И ОД НЕА ДЕЛ
ШТОМ ЕДНАШ ЈА ЗГРАБИШ
ВО ЧЕЛУСТИ
САМО КАЖИ
ШТО ЌЕ ОСТАНЕ
ОД ОВА ТЕЛО
ШТО ТЕЛО ХРАНИ
А ТЕЛО ЈАДЕ
И ОВАА ЕСЕН
ЌЕ РАЗГОРАТ ОГНОИ
ЗА БЕЗБРОЈНИ СТАДА
И НАТЕЖНАТ РОД
КОЛКУ ЛИ РАЦЕ
ЌЕ ИЗГОРАТ В ПЛАМЕН
КОЛКУ ЛИ ГРЛА
ЌЕ ЗГАСНАТ ЖЕД
ВЕЌЕ СЕ БУДИШ
ВО ПЕПЛИШТА СУВИ
ОД НЕЧИЕ РЕБРО
ДА ИСКОВАШ МЕЧ
САМО КАЖИ
ШТО ЌЕ ОСТАНЕ
ОД ОВА ТЕЛО
ШТО ТЕЛО ХРАНИ
А ТЕЛО ЈАДЕ
КО ТРОШЕН ДА Е ЛЕБ

**XXX**

НЕ ТИ ТРЕБА КАМЕН
ДА БИ УДИРАЛА
ДОВОЛНА Е РАКА

НЕ ТИ ТРЕБА ЕСЕН
ДА БИ ПАЃАЛА
ДОВОЛНА Е РАНА

НЕ ТИ ТРЕБА ВОДА
ДА БИ БРАНУВАЛА
ДОВОЛНА Е СОЛЗА

-НЕ МИ ТРЕБАШ ТИ
ДА БИ ТЕ ИМАЛА
ДОВОЛНА Е МИСЛА

**НЕ СМЕ КОЊИ**

НЕ СМЕ КОЊИ
ДА ГИ ЗБЛИЖУВАМЕ ДАЛЕЧИНИТЕ
НЕ СМЕ КОЊИ

НЕ СМЕ ПЛАНИНИ
ДА ЈА НОСИМЕ ТЕЖИНАТА
НЕ СМЕ ПЛАНИНИ

НЕ СМЕ ЛОВЦИ
ДА НИ БРЕАТ ЕЛЕНИ
НЕ СМЕ ЛОВЦИ

НИТУ СТАДА
ЗА ЖРТВЕНИ ОЛТАРИ
НИТУ СТАДА

ЗА КЛАНИЦИ

**ИДЕНТИТЕТ**

ВОДАТА ТИ ГО ОПРАВДУВА ТЕЛОТО
ДОДЕКА ТЕ БРАНУВА
ЗЕМЈАТА ЧЕКОРОТ
ТВОЕТО ПРИСУСТВО
ОПРАВДУВА НЕЧИЕ ДРУГО
МИСЛАТА ОЧАЈОТ
ИЗВОРОТ НА КРВТА
Е НЕЧИЈА ОДМАЗДА
БОЈАТА НА СМРТТА
ДОДЕКА ЈАС ЗАМИНУВАМ
И ТИ ЗАМИНУВАШ
ПО ТРАГИТЕ НА КРВТА
САМО ОСАМАТА Е –
ОСАМА

**ДОДЕКА ЧЕКОРИШ**

МАЛКУ ШТО ТРЕБАЛО
ДА СЕ НАЧНЕ ОД МИНАТОТО
ЗА ДА СЕ ДООБЈАСНИ
СМИСЛАТА НА ГОДИНИТЕ
ТРАГИТЕ ВОДАТ ПО ИСТИ ПАТЕКИ
КОГА НОЗЕТЕ КРВАРАТ
ОД ОСТРИОТ ЗАСЕК ПО КАМЕЊАТА
КОРАБИТЕ ОСАМНУВААТ
МИРНИОТ ТЕК НА ВОДИТЕ
ПРОДОЛЖЕН Е ШЕПОТ НА ВЕКОВИ
НИЗ КОИ КРВТА САМО БРАНУВА
ПО БРЕГОВИ НА ОСАМА
ПРВИОТ ЧИН НА ЉУБОВТА
СЕКОГАШ Е И ПОСЛЕДЕН
САМО ТЕЛОТО СЕ МЕНУВА
САМО ЕДНО ОКО ЗАГЛЕДУВА
ДРУГОТО СЕНИ И ТРЕПЕРИ
САМО ЕДНА НОГА ЧЕКОРИ
БЕСНИОТ ВИК НА ДАЛЕЧИНИТЕ
ИЗГУБЕНО Е ЕХО
НИЗ ГУСТИТЕ ШУМИ НА ЗАБОРАВОТ
ТИ ПРВА ЌЕ СЕТИШ
ШТОМ ПОСЛЕДНА ЧЕКОРИШ
ТЕШКО СИДРО ВО УТРОБА

ПОТОА ЗАПЛИВАЈ

**КОБА**

ЗА ДА СИ ГО ЗАБАВАМ ВРЕМЕТО
ЧЕКОРАМ НА КОЛЕНА
МУДРА СИ СРНО
ШТО МЕ ОДМИНУВАШ
ПО ШУМСКИТЕ ПАТЕКИ
КОГА НАМЕСТО РАЦЕ
КОСКИ ТИ НУДАМ ОД РАМЕНА
КРВТА В ПОРОИ ШТОМ ПОТЕЧЕ
НИЗ БРАЗДИ И ИЗВОРИ
МОДРО СИ ОКО ЗАЖЕДНЕТО
ВО ДЛАБОК КОРЕН НА ЗАБОРАВ
КОГА НАМЕСТО ЗБОРОВИ
КРИЦИ ПУШТАМ ОД УТРОБА
В НЕМИР СРНО ШТОМ ПОСЕКОВ
СТРУНИ ОД ВЕТКИ И ЛАСТАРИ

**ОСЛОБОДУВАЊЕ**

МУ ЈА ОСЛОБОДУВАШ
ДУШАТА НА ДРВОТО
ОДЗЕМАЈЌИ МУ ГО ПЛОДОТ
ТЕЖИНАТА НА КАМЕНОТ
КОГА ГО ПОДИГАШ
ВИСИНАТА НА БРАНОТ
МУ ЈА ОДЗЕМАШ
СИЛАТА НА ВЕТЕРОТ
СОПИРАЈЌИ ГО
ТОПЛИНАТА НА ОГНОТ
САМОСТА НА БРЕГОТ
ШТОМ ГО ЗАГЛЕДАШ
БЕЛИНАТА НА СНЕГОТ
ТЕ ОСЛОБОДУВАМ
ОД СИЛАТА НА ПОРИВОТ
КОГА ТЕ ОБЗЕМАМ
ОД БУЈНОСТА НА ПЛОДОТ
МЕ ОСЛОБОДУВАШ
ОД МИСЛАТА НА ОЧАЈОТ
КОГА МИ ДОАЃАШ
ОД НУЖНОСТА НА ЗБОРОТ

**ПРОШЕТКА**

ЧЕКОРИМЕ НИЗ ВРЕМЕТО
ТЕШКИ СЕ ОВИЕ КАМЕЊА
ШТО СЕ НАПЛАСТИЛЕ ПО УРНАТИНИТЕ
ЦРНИ СЕ ОВИЕ ЈАТА ОД ПТИЦИ И ОБЛАЦИ
МОДРО Е ОВА ОКО ШТО НЕ УСПИВА
ЧЕКОРИМЕ НИЗ ПИР
ОСАМЕНИ
МАГЛИ НЕ ВЛАЖНАТ НАД БРЕГОЈ ОД ПЕПЛИШТА
КРИЦИ НЕ БУДАТ ОД КЛУНОВИ ИЗГНИЕНИ
КОСКИ ПОД ПАЗУВИ
ЧЕКОРИМЕ НА КОЛЕНА
ГОЛИ ОД СИЛЕН НАЛЕТ НА ВЕТРОВИ
САМИ ПРЕД ЖЕДНИ БРАНОЈ ЗАПЕНЕТИ
СО ВЕЧНА МИСЛА И ИЗГОРА
ЧЕКОРИМЕ БЕЗ ЗДИВ
ЗАНЕМЕНИ

**ВНИМАВАЈ ОГНОТ ДА НЕ ЗГАСНЕ**

НА МАРИН ВРБОВСКИ

ВНИМАВАЈ ОГНОТ ДА НЕ ЗГАСНЕ
КОГА ГИ МЕШАШ БОИТЕ
ПО БЕЛОТО ПЛАТНО НА ЗАБОРАВОТ
ОЧИТЕ САМИ СЕНАТ
РАЦЕТЕ ДОЛГО ТРЕПЕРАТ
ДОДЕКА КРВТА БРАНУВА
ПО ДРЕВНИТЕ КОРИТА
НА КОРАБИТЕ

ВНИМАВАЈ ОГНОТ ДА НЕ ЗГАСНЕ
КОГА ГИ МЕШАШ БОИТЕ
ПО КАМЕНИТЕ ПЛОЧИ
НА ГРОБНИЦИТЕ
СВЕЌИТЕ САМИ ГОРАТ
ДРВЈАТА ПЕПЛОСУВААТ
ДОДЕКА ВЕТРОИ БЕСНИ
НИЗ ШУМИ СЕ ГЛАСАТ
ДА ПОЖАРАТ

ВНИМАВАЈ ОГНОТ ДА НЕ ЗГАСНЕ
КОГА ГИ МЕШАШ БОИТЕ
ПО ОПТЕГНАТИТЕ КОЖИ
НА ПАЛИМПСЕСТИТЕ

**СОМНЕЖИ**

ДОЛГО ВЕЌЕ ПОВТОРУВАШ
ЕДНА ИСТА РАБОТА
А ДА НЕ СЕ ПОСОМНЕВАШ
ВО ДРУГИТЕ
КЛЕЧИШ ПРЕД СТОЛАРОТ
ШТО ТИ ПОДАВА НОГАРИ
И ТРЕПЕРИШ
ПРЕД КЛУЧАРОТ
ШТО ТИ ОТВОРА ПОРТИ
ПРЕД ВИНАРОТ
ШТО ТИ НАЛЕВА
ДОЛГО ВЕЌЕ
А ДА НЕ ТЕ ОБЗЕМАТ
ПРИ ДРЕВНА ПОМИСЛА
КЛЕЧИШ ПРЕД ВОЗАРОТ
ШТО ТИ НУДИ ЗАПРЕГА
ПРЕД КОЖАРОТ
ШТО ТЕ ОДЕВА
КЛЕЧИШ ПРЕД ЖЕНА
ДОЛГО ВРЕМЕ
А ДА НЕ СЕ ПОСОМНЕВАШ

**БЕГСТВО**

ХЕРУВИМЕ
И ПОВАА НОЌ
ТИ ГИ КРАДАТ КОЊИТЕ
ЗА БЕГСТВО НИЗ ПУСТИНАТА
ОПИВАШ СО МОЛЧЕЊЕ
ЕДНОТО ОКО ТИ СПИЕ
ЗА ЗАБОРАВЕНИТЕ
СО ДРУГОТО
КОСКИ РАЗБИВАШ
ПО ЖОЛТИОТ ПЕСОК
НА ЗАБОРАВОТ
ЗАСЛЕПУВАШ СО СЈАЈОТ
ПРАШАЈ ГИ
КАДЕ ЌЕ ОДАТ
ПОД ОВОЈ СОНЧЕВ ДИСК
ДОДЕКА ТАБАНИТЕ ИМ ГИ ПЕЧЕШ
СО КАМЕН ЛОСТ

НЕКА ГИ
НЕКА ЈА МИНАТ
ПОРТАТА НА САМРАКОТ
НИТУ ЛАК ЌЕ ОПТЕГНАМ
НИТУ СОЛЗА
ДА НЕ БИ ГИ ОПЕКЛА
ДОДЕКА ИМ ГО ПОДГОТВУВАМ
ВРАЌАЊЕТО
ВО МРТВОТО ОКО
НА ПУСТИНАТА

**ВО МЕЃУВРЕМЕ**

ДОЖДОВИ ШТО ЗБЛИЖУВААТ СКАРАНИ НАРОДИ
КАКО БЛАГОРОДНОТО СЕМЕ НА ПЛОДОРОДОТ
ЌЕ ПОТЕЧАТ ВО МЕЃУВРЕМЕ
КОГА КРВТА ЌЕ ЗВРИЕ ВО НАБРЕКНАТИ ЖИЛИ
А ВОДАТА ЌЕ ОСТАНЕ ДА НАПОЈУВА
ПРЕСУШЕНИ ИЗВОРИ

ВЕТРОТ ЌЕ ПРИРЕДИ ЕДИНСТВЕНО ВРЕМЕ НА ДОБРЕДОЈДЕ
НЕБОТО ЌЕ ЗБЛИЖИ ПОДАДЕН СВЕТ НА РАКУВАЊА
ЧОВЕКОТ ЌЕ ЗБОРУВА СО МИТСКИОТ ЈАЗИК НА КАМЕНОТ
КОЈ НЕКОГАШ БЕШЕ ЛЕБ

УБАВИНАТА ЌЕ СЕ СПОЗНАЕ САМАТА СЕБЕСИ
ВО СВОЕТО ПРВО НУДЕЊЕ НА БЛАГОСЛОВ
ОТВОРЕНИТЕ РАНИ ЌЕ ЗАЦЕЛАТ
ВО ИЗЕДНАЧЕНОСТА НА БОЛОТ
И СЕ ПОМАЛКУ ЌЕ СЕ ТАГУВА
ЗА ИЗГУБЕНОТО

ЗА СВЕТОТ ЌЕ ЗБОРУВА ПРИПРОСТ ЧОВЕК
ЗБОРОТ ЌЕ ЗНАЧИ САМО ЗБОР
ДАЛЕЧИНИТЕ ЌЕ ПРЕТСТАВУВААТ НАСУШНА ПОТРЕБА
ДА СЕ БИДЕ ТАМУ

ЉУБОВТА НЕМА ДА МУДРУВА
БЕЗ ВЕРБА ВО ПОДОБАР ЖИВОТ
ДУХОТ ЌЕ ЖИВЕЕ ВО ВИДОКРУГОТ НА ВЕЧНОСТА
СО РАЗИГРАНО ЧУВСТВО НА ПРАСТАР НАГОН
КОЈ ПОВТОРНО НЕ РАЃА

**ПРИВАТНА ИСТОРИЈА**

ГИ РЕДАМ ДЕНОВИТЕ ПО НАСТАНИ
КАКО ТОА ГО ПРАВИШ - МИ ВЕЛИ
ЕДНОСТАВНО
СТАНУВАМ РАНО НАУТРО
И СЕ ДО ПОЛНОЌ ЧЕКОРАМ
ПО КАМЕНИТЕ ШУМИ НА БУЛЕВАРИТЕ
КАКО ТОА ГО ПРАВИШ- МИ ВЕЛИ
ЕДНОСТАВНО
ГИ ИЗОСТРУВАМ СЕТИЛАТА
ДОЛГО НАСЛУШНУВАМ
ОПТЕГАЈЌИ ГИ СВОИТЕ СТРУНИ
СИЛНОДА УДИРААТ
КАКО ДАМАРИ
-КАКО ТОА ГО ПРАВИШ - МИ ВЕЛИ
ЕДНОСТАВНО
НАСЕКАДЕ СЕ ЗАГЛЕДУВАМ
И ТРЕПЕРАМ
СО КРВАВИ ОЧИ
КАКО НА ИЗВОРИ
- А ПОТОА
СЕДНУВАМ И ЗАПИШУВАМ
ДО КОГА - МИ ВЕЛИ
ДО ТОГАШ - И ВЕЛАМ
ДОДЕКА ТОА НЕ МИ СТАНЕ
ЕДИНСТВЕНА  СМИСЛА
И ПОТРЕБА

**ТЕМНАТА СТРАНА НА КОРЕНОТ**

ДРВОТО ГО ИМА МОЕТО СЛЕПИЛО
ЈАС САМ ОД СЕБЕ СЕ РАЗГРАНУВАМ И ШИРАМ
ПУШТАЈЌИ КОРЕЊА ВО СВОЈАТА УТРОБА
ДА РАЗЗЕЛЕНЕАМ
ЈАС САМ ОД СЕБЕ СЕ РАЗГРАНУВАМ ИШИРАМ
ПУШТАЈЌИ ВЕТКИ ВО СВОЈАТА УТРОБА
ДА РАЗЛИСТАМ
ДОСТИГАЈЌИ ДО ДЛАБОЧИНИТЕ
ДОСЕГАЈЌИ ДО ВИСОЧИНИТЕ
А НИКАДЕ НИКАДЕ ДА СТИГНАМ
ДА ПОГЛЕДНАМ
И ДОДЕКА ТАКА ВИШНЕАМ И ДЛАБАМ
СЕЧАЧИТЕ НА МОЈАТА ШУМА МИ ЈА КИНАТ УТРОБАТА

## ЗАБОРАВ

ПОЧНУВАМ ДА ЗАБОРАВАМ
ЦРНИ ПТИЦИ МИ СЕ ВГНЕЗДУВААТ ПО ОЧИТЕ
КОЊИ МИ УМИРААТ ВО ИЗМАГЛИНИ
МРТВИ ДЕЦА ВО УТРОБА
ПОЧНУВАМ ДА КРВАРАМ ОД БЕС
ОСТАНИ ОСТАНИ КРАЈ МЕНЕ
ПУШТИ КОРЕЊА ОД ТВОИТЕ ПРСТИ
ПРО'РТИ
ПОЧНУВАМ СТРАШНО
УЖАСНО СТРАШНО
ДА ЗАБОРАВАМ

**ДВОЈНИК**

ТОЈ СЕ ПОИСТОВЕТИЛ СО МЕНЕ
МУДРО МИ ГО ОДМЕРУВА ЧЕКОРОТ
ПО ПАТОТ НА МОЈОТ ЗАБОРАВ
СИЛНО МЕ ОДГЛАСУВА
МОЈОТ ЗБОР Е НЕГОВ ЗБОР
МОЈОТ БОЛ
ДОДЕКА ЈАС СЕ ОГЛЕДУВАМ
ТОЈ МЕ ГЛЕДА
И ОДМИНУВА
НЕГОВОТО ЗАМИНУВАЊЕ
Е И МОЕ ЗАМИНУВАЊЕ
ПО ШУМСКИТЕ ПАТЕКИ
НА ДРВОРЕДИТЕ

**ОД СКАЗНИТЕ ЗА НЕМОЌТА**

МОЖАМ ДА ПРЕТРЧАМ НЕКОЛКУ РИДОВИ
И ЗДОГЛЕДУВАЈЌИ ТЕ ОД ДАЛЕКУ
ДА ГО ОПТЕГНАМ СВОЈОТ ЛАК
ШТО ГО НОСАМ ОД РАНИТЕ ВЕТРОВИ
НА МОЈАТА МЛАДОСТ
И ТАКА ТЕ УБИЈАМ

ОД ТВОИТЕ РАНИ
ДА СИ НАПРАВАМ ЦЕР
ЗА МОИТЕ ПОДОЦНЕЖНИ
ОД ТВОИТЕ КРВАВИ РАНИ

ОД ТВОЕТО ГРЛО
ДА СИ ИСПЛЕТАМ СТРУНИ
ЗА ПЕСНАТА НА ОЧАЈОТ
ОД ТВОЕТО ДЛАБОКО ГРЛО

ОД ТВОИТЕ ЖИЛИ
ДА СИ ИСЦЕДАМ СОК
ЗА МОИТЕ ПРЕСУШЕНИ
ОД ТВОИТЕ НАБРЕКНАТИ ЖИЛИ

И ТАКА ОД СИЛНА НЕМОЌ
ДА ЗАПЕАМ

**ПОДЗЕМНИ ЅВОНА**

ТРЕПЕТНО ДЛАБАТ ПОДЗЕМНИ ВОДИ
КАМЕНОТ МУДРО ПОСЕАЛ СОН

- ДОЛГО СЕ БУДЕВ НА ПОСТЕЛА ЗЕМНА
ПРЕД ИСТИНАТ ОГАН ОД ПЕПЕЛ И ПРАВ

НА ЧЕКОР ОД ТЕБЕ ПОСАДИВ РАЦЕ
ЛИСНАТИ ПЕРЈА НАД РАЗГРАНЕТ ПИР

- А ЈАС ПАК ЧИНЕВ СЕНКИ ОД КРИЛЈА
НАД ПЛАМЕНО ЧЕЛО ЦРН ПРЕВЕЗ НА ДЛАН

ЕДНАШ ОД НЕМОЌ ДА ПРИКРИЕШ СИЛА
СИ ПРЕКРШИЛ НОЗЕ ДА ПРИКОВАШ ОД

- НЕМЕЕВ ОД УБОСТ ДА ПРЕКЛОПАМ ОЧИ
ОД УМОРНО ТЕЛО ДА ИСЦЕДАМ СОК

СРЕД ТАТНЕЖЕН ЕКОТ НА ОЛУЈНА БУРА
СИ ПОДИГАЛ ГРДИ А СТИШУВАЛ ГЛАС

- И РАСПНАТО ВИСЕВ НАД ПЛАМЕНИ ГРЛА
ОД КОШМАРНИ СНИШТА ДА ИЗЛУДАМ В ЧАС

СИ ПРЕТВАРАЛ УСНИ ВО КАМЕНИ БРАЗДИ
ОД ДОЖДОВНИ КАПКИ СИ ЗГАСНУВАЛ ЖЕД

- КЛЕЧЕВ И МОЛЕВ ПО НЕВИНИ ЗОРИ
КО ПРОСЈАК ШТО В НОЌТА КОЛЕНО СВИЛ

УШТЕ СИ СТИГНАЛ ДА РАЗБРАНИШ ВОДИ
ВЕТРОВИ ЈУЖНИ ЗА ПОДЗЕМЕН ЅВОН

- ШТОМ ИСКОПАВ РАЦЕ ОД УТРОБА ЗЕМНА
ДИВ КОРЕН ШТО РИЕ ПОД НЕБЕСЕН ПЛОТ

## ОТЕЛОТВОРУВАЊЕ

КАКО БИ СЕ ПРЕПОЗНАЛ ВО ОГЛЕДАЛОТО НА СОНОТ
И КАКВО ИМЕ ЗА СЕБЕ БИ ДАЛ
КОГА МИ НУДУШ ПРОСТА СМИСЛА НА ЉУБОВ
ТОЛКУ ЖЕДЕН ДА ОСТАНАМ САМ

И КОЈА ЛИ СЕНКА НА МОЕТО ЧЕЛО
ОД ПРОКЛЕТА НУЖДА ДА МИ ДАВА ЧЕСТ
ЗА СТРАСТА ДА ЗБОРИ И КОЛКУ ЛИ СМЕЛО
ДА СВЕДОЧИ МУДРО ЗА СВОЈАТА СВЕСТ

НЕ ЛИ СИ СЕГА ПОДРУГА МИСЛА
ЗАБЛУДА ЧИСТА И НЕ ЛИ СИ БОЛ
ДА СЕТИШ В ЧАСОТ ОПОЈНА ИГРА
СРЕД ПОТАЈНО СВИЕН РАЗНЕЖЕН СОН

ШТО ПОДАВАШ РАЦЕ ЈАС БЕЗДРУГО МОЖЕН
ЌЕ СВИЈАМ КРИЛО НАД ТВОЈАТА ЌУД
ЌЕ БИДАМ ТОКМУ И ТОЛКУ БЛАЖЕН
СВЕСЕН ЗА СЕБЕ НО ЗАТЕБЕ ЛУД

ОД СОНОТ САМО ПРЕМРЕЖНИ СЛИКИ
КОЛКУ ДА СЕ РЕЧЕ НЕКАДЕ СУМ БИЛ
НО ТИ ШТО РАЃАШ ЈАТА НА НЕБЕСНИ ПТИЦИ
ТИ НАЈДОБРО ЌЕ КАЖЕШ КАЈ ГНЕЗДО СУМ СВИЛ

**ЗА НЕА**

ДРВОТО ЈА ОСТРИ СЕКИРАТА
НАСЛУШНИ
СЕ КАЛИ ОД УДАРИ
ПО НЕГОВАТА УТРОБА
ДРВОТО НАЖИВОТОТ
И НА СМРТТА
ОД ИСКОНИ
ПИШТИ ПО ВЕТРОВИ
ПО ТРАГИТЕ НА КРВТА
ДРВОТО НА ОЧАЈОТ
И НА ОСАМАТА
ПОГЛЕДНИ
СЕКОВЕ ВО ПЕПЕЛТА
А САМО ШТО САКАВ
САМО ШТО САКАВ
ДА ЈА ЗАПРЕТАМ

## ЗА ПРЕДМЕТИТЕ

### 1

ЌЕ ЈА ЗАГУВИШ СМИСЛАТА НА ЗНАЧЕЊЕТО
АКО ДОБРО НЕ ГИ ЗАГЛЕДАШ ПРЕДМЕТИТЕ
ПРЕД ДА ЗАМИНЕШ
СМИСЛАТА НА ПОСТОЕЊЕТО
НЕ ПОСЕГАЈ ПО НИВ
СО ВРЕМЕТО
СИ ЈА ГУБАТ СВОЈАТА НАМЕНА
ЗА ПОДОЦНА ДА ОСТАНАТ
САМО ОБЛИЦИ
НИЗ КОИ ЌЕ СЕ ИСКАЧУВААТ
ИДНИТЕ МИНУВАЧИ
ЗАГЛЕДУВАЈЌИ СЕ
ВО ЕДНО ПЕСОЧНО ОКО
ГОЛЕМО КАКО ПУСТИНА

**2**

ЗА ДА ВИДИШ САМО
ДЕКА МОЖАТ И ДА УДИРААТ
СИЛНО И БЕЗМИЛОСНО
ДОЛГО ИМ БИЛО ЧЕКАЊЕТО
ДОДЕКА НЕ ПОНЧНАТ
ДА СЕ ОБЛИКУВААТ
ОД УДАРИ
ЕДНА ИМ БИЛА НАМЕРАТА
И ЕДНА ЌЕ ИМ ОСТАНЕ
ОСЛОБОДУВАЈЌИ СЕ ОД РОБСТВОТО
НА ВЕКОВИТЕ

ТОГАШ ДА ТЕ ВИДАМ
СО ШТО ЌЕ УДИРАШ

**ДИЈАЛОГ СО СЛЕПИОТ**

ДА ВЕ ПРАШАМ САМО - ЉУБЕЗНО ЈАС НЕМУ
А ТОЈ МЕНЕ - ШТО Е
ЗАР НАЛИК СУМ НА ДРУГ
НЕ - ПРЕСТОРИВ ОЧИ
КАКО ДА МЕ МИНАТ
ДВЕ ЖИВИ МОЛЊИ
ОСЕДЛАНИ В МРАК
ТОА САМО ИСКРИ
ЗГАСНАТИОТ ОГАН
ПРЕТУРИ СО РАЦЕ
ПО ПЕПЛОСАН ПРАВ
НО ЈАС САМО МИСЛЕВ
КО ДАВЕНИК СЕ В МОРЕ
ВО ЛУДОСТА СВОЈА
В ЧАША БИ ГИ ЗЕЛ
ШТО ПРЕТУРАШ В ГЛАВА
ПИЈАНА МИСЛА
ОЧИ ЈАС НЕМАМ
ЗА ДРУГИ ДА ЗНАМ
ПРОСТИ НО СЕПАК
НИ В ПЕПЕЛТА САМА
СВЕТЛИОТ ОТСЈАЈ
НЕ ЗГАСНУВА ДО КРАЈ

**ПЕСНАТА НА НЕМИТЕ**

ОД СВОЈОТ ГОВОР НЕМИТЕ ЛУЃЕ
НАПРАВИЛЕ ТАЈНО ПИСМО
ЗА НИВ САМО РАЗБИРЛИВО
ДОШЛЕ ГЛАСНИЦИ ПРЕД МОИТЕ ПОРТИ
И ОСТАВИЛЕ НЕМА ПОРАКА
НА ВРАЌАЊЕ ПО ПАТОТ ПОСЕАЛЕ
КАМЕНИ SВОНА
ЧЕКОРАМ И СОЛЗАМ
СО ДОЖДОВНИ КАПКИ ВО ОЧИТЕ
ВО ГРЛОТО ГРОМ
А ТИЕ КУТРИТЕ
ЗАПЕАЛЕ

**ОСАМА**

КАКО ЛИ ЗБОРУВААТ ОСАМЕНИТЕ
ЗАД ЗАТВОРЕНИ ВРАТИ
КОГА ОСАМНУВА
КАКО ЛИ ДЕМНАТ
ДОЛГО ТЕ БДАМ НИЗ УТРИНИ
СО КРВАВИ РАЦЕ ВО ПОСТЕЛА
ДОЛГО ТЕ ГУБАМ
КАКО ЛИ ЗБОРУВААТ ОСАМЕНИТЕ
ПРЕД НЕМИОТ ВИК
НА ТИШИНАТА
ТЕШКО ТЕ РАЃАМ ПОД ПАЗУВИ
СО МРТВО ОКО НА ЗАБОРАВ
ВЕЧНО ТЕ КРУЖАМ
КАКО ЛИ СЕ ГЛАСАТ ОСАМЕНИТЕ
ПО ГОЛИТЕ СРТОВИ
НА ПЛАНИНИТЕ

**ВЛЕГУВАЈ ВО СИТЕ СВЕТОВИ**

ВЛЕГУВАЈ ВО СИТЕ СВЕТОВИ
НЕМА ВЕЌЕ СВЕТОВИ ЗА ОДБИР
СИТЕ ВРАТИ ШИРОКО
ОТВОРЕНИ СЕ ЗА НИВ
СИТЕ ЗЕМНИ ОТВОРИ
И НЕБОТО НАД НИВ
СИТЕ ШКОЛКИ БИСЕРИ
ЧЕЛУСТИ И ГРИВИ
СИТЕ СКРИТИ ПРЕДЕЛИ
ОГНОВИ И БУРИ
ВЛЕГУВАЈ ВО СИТЕ СВЕТОВИ
НЕМА ВЕЌЕ СВЕТОВИ ЗА ПОДБИВ
СИТЕ БОЖЈИ ПАТИШТА
ВОДАТ КОН НИВ

**ОД ДАМНИНА БИЛО ТАКА**

ОД ДАМНИНА БИЛО ТАКА
ТАКА И ЌЕ ОСТАНЕ
СЕКОЈ ОД НАС СИ ЈА ИГРАЛ
УЛОГАТА НА СТАРИТЕ ЗАНАЕТИ
ОДБИРАЈЌИ СИ ЕДЕН ОД НИВ
ЗА ГОЛА ЕГЗИСТЕНЦИЈА
СО ОРУДИЈАТА ШТО ГИ ОДБИРАЛ
НИЗ ЖИВОТНИОТ МУ ТРНЛИВ ПАТ

НО ОДКАДЕ МЕЧТИ ВО НАС
ДОЛГИ И НЕПРОСПИЕНИ НОЌИ
ПОГЛЕДИ КОН НЕБОТО
ЅВЕЗДИ ШТО СЕ УМНОЖУВААТ
ОДКАДЕ ОВАА ГЛИНА
НА ЧИСТАТА НИ ПОСТЕЛА
ДРВЕНИ КЛИНЦИ ВО УТРОБА
ОДКАДЕ ОВАА ДРЕВНА ВАЗА
СО ГРБОТ ШТО НИ СРАСНАЛА
КАКО ДЕЛ ДА Е ОД НАС
ОДКАДЕ ОВИЕ ПРАНГИИ
ОВИЕ ТЕШКИ ОКОВИ
НА КРВАВИ НИ ГЛУЖДОВИ
КОИ ОД РАЃАЊЕ ГИ НОСИМЕ
ОДКАДЕ ОВА ЗАРЃАНО РАЛО
ВО НАШИТЕ УГАРИ
ОДКАДЕ ТЕШКИ ОГЛАВИ
НА НАШИТЕ ВРАТОВИ
ОДКАДЕ СТРУНИ
ОДКАДЕ ДАМАРИ
НЕМИРИ В ДУША
ТЕШКИ ВОЗДИШКИ

ОД ДАМНИНА БИЛО ТАКА
ТАКА И ЌЕ ОСТАНЕ
СИТЕ НИЕ СИ ГО НОСИМЕ

ДАРОТ И ПРОКЛЕТСТВОТО
НА СТАРИТЕ ЗАНАЕТИ

**НО КАДЕ ТИ Е ДОСЛЕДНОСТА**

ЛЕСНО ТИ Е ТЕБЕ
ЌЕ СЕ КАЧИШ ГОРЕ ВО ПЛАНИНИТЕ
КАКО ЕДЕН ОД БОГОВИТЕ НА ОЛИМП
И ЌЕ МЕДИТИРАШ
ВО ПОВРЕМЕН РАЗГОВОР
СО ШАРПЛАНИНСКИТЕ ОВЧАРИ
ВО ПОТРАГА ПО ЈУНАЦИ
ЗА ТВОИТЕ СОВРШЕНИ ДЕЛА
И ТОЛКУ
ОТКАКО ЌЕ СЕ НАДИШЕШ
СВЕЖЕСТ ВОЗДУХ ОД ГОРИТЕ
ЌЕ СЛЕЗЕШ ДОЛУ
КНИЖЕЈЌИ ГО ДОЖИВЕАНОТО
ВО ЛИТЕРАРНА БЛАГОСТ
СТРЕМЕЈЌИ КОН ПЕРФЕКЦИЈА
И ЌЕ УСПЕЕШ ВО ТОА
НО КАДЕ ТИ Е ДОСЛЕДНОСТА
КОН ЈУНАЦИТЕ
И ТВОИТЕ ЧИТАТЕЛИ
КАДЕ Е ТВОЈОТ КЕЛТСКИ КАМЕН
И КОЛКУ ПАТИ ГО ИМАШ ФРЛЕНО
ВО КУПОТ ЗА МОГИЛА
ИМАШ ЛИ ЛУЗНА
ОД ТВОЈАТА ЖДРЕБИЦА
КАКО ДОКАЗ ЗА ЉУБОВ
НЕЈЗИНА  ШАРА
ТИ ЛЕЖИ ЛИ ПЕС ПОД КРЕВЕТОТ
КАКО ШАРПЛАНИНЕЦОТ НА ПАЈО
ШТО ПЛАЧЕ ПО ПЛАНИНИТЕ
ИМАШ ЛИ ТЕЛО
КАКОКО ШТИТ ОД ЗЛАТО
ДА ГО АБЕШ ОД БАКНЕЖИ
ИЛИ ПАК МОЖЕБИ
ДОВОЛНА ТИ Е ГОЛЕМИНАТА
ШТО ПРИРОДАТА ЈА ДАЛА

ОДБИРАЈЌИ ТЕ ТЕБЕ
ДА ЈА ТОЛКУВАШ
И НА КРАЈОТ
ТРЕБА ДА СИ ЗАДОВОЛЕН
ШТО ЗА ДОБРИ ДЕЛА
ТРПИШ УДАРИ
ОД ШАРПЛАНИНИ
И ОД МОЈАТА ПРИРОДНА СКЛОНОСТ
КОН ДОСЛЕДНОСТ

## СТОЛЧЕН ОД ПОТРАГАТА

СТОЛЧЕН ОД ПОТРАГАТА
ПО СОВРШЕНОСТА НА ПИШУВАЊЕТО
ЏЕЈМС ЏОИС МОЌНИОТ
ГО УНИШТУВА РОМАНОТ
ДОКАЖУВАЈЌИ ГО УШТЕ ЕДНАШ
ДРЕВНОТО ПРАВИЛО НА БОГОВИТЕ
САМО ОНОЈ ШТО СОЗДАВА
ИМА ПРАВО И ДА УНИШТУВА

ПОЛОВИНА ВЕК ПОДОЦНА
ОНАА РОМАНСКА ПИЈАНИЦА
СО ЛИК НА ПЕРНАТ ГУЛАБ
ШТО СЕ СЛОВИ ЗА НИКИТА
НЕ МОЖЕЈЌИ ДА ГО ИЗДРЖИ
ТОВАРОТ НА ПОЕЗИЈАТА
ГО УНИШТУВА ЖИВОТОТ
ДОКАЖУВАЈЌИ ГО УШТЕ ЕДНАШ
ДРЕВНОТО ПРАВИЛО НА ПОРАЗОТ
МНОГУ ПАТИ ПОВТОРУВАНО
ОД СЛИЧНИ НА НЕГО

ГОДИНИ ПОДОЦНА
НА ПРАГОТ ОД НОВИОТ МИЛЕНИУМ
ПОУЧЕН ОД ДВАТА СЛУЧАЈА
НА БОГОВИТЕ НА УМЕТНОСТА
СТАВЕН СУМ ПРЕД ДИЛЕМА
ДАЛИ ДА ПРОДОЛЖАМ
ДА ГО НЕГУВАМ СТИЛОТ
ИЛИ ПАК ЖИВОТОТ
КОИ ДВАЈЦАВА ПРОКОПСАНИЦИ
ГИ УНИШТИЈА

## ЗОШТО ПОСТОЈАНО ДА ДОЗВОЛУВАМ

ЗОШТО ПОСТОЈАНО ДА ДОЗВОЛУВАМ
КАКО ЗРНО ДА МЕ МЕЛЕ
ТРКАЛОТО НА ИСТОРИЈАТА
КОГА И ОНАКА СУМ ВОДА
КОЈА ДОЛГО ГО ПРИДВИЖУВА
ДОЛАПОТ НА СТАРАТА ВОДЕНИЦА
ДОЛУ КРАЈ ПАТОТ
НА СИТЕ МОЈ СТРАДАЊА

ЗОШТО ПОСТОЈАНО ДА ФРЛАМ
ТРОШКИ ОД СКУДНА ХРАНА
КОГА И ОНАКА СУМ ЗЕМЈА
КОЈА СО СИТЕ СВОЈ ЧЕКОРИ
НА ЗЕМЈАТА И СЕ ПОДАВА
КАКО НАТЕЖНАТА ГРАНКА
БРЕМЕНА ОД ПЛОДОВИ

И НАНАКРАЈ
ЗОШТО ПОСТОЈАНО ДА МЕ БАРАШ
ПОД ДРВЈА И КАМЕЊА
КОГА НАСЕКАДЕ СУМ РАСПОСЛАН
КАКО СЕМЕ ПО СЕИДБА

НАВИСТИНА ЗОШТО

**КАКО ЗАЛОГ ЗА ВЕЧНОСТА**

КОЊОТ ЌЕ ГО ОСТАВАМ ВО ПОЛЕТО
НА ДОЖДОТ ШТО РОМОРИ
ДОБРО СЕ ВКЛОПУВА ВО ПЕЈСАЖОТ
НА ЗАДУМАНИОТ МИНУВАЧ
КОЈ СИОТ СЕ ПРЕТВОРИЛ ВО ПРИРОДА
БЕЗ ДА ГО ПРИМЕТИ
БАВНОТО ДВИЖЕЊЕ НА РАКА
КОЈА СТРОГО СЕ ДРЗНАЛА
ДА ГО НАСЛИКА
КАКО ЗАЛОГ ЗА ВЕЧНОСТА

КОЊОТ ЌЕ ГО ОСТАВАМ ВО ПОЛЕТО
ДОБРО СЕ ВКЛОПУВА ВО СЛИКАТА
СО ЗАДУМАНИОТ МИНУВАЧ
КОЈА ШТОТУКУ ЈА ПРИКАЧИВ
НА ПРАЗНИОТ ЅИД
ОД МОЈАТА СОБА
КАО ЗАЛОГ ЗА ВЕЧНОСТА

## НЕМОЌНИ ЗА ДЕЛА

НЕМОЧНИ ЗА ДЕЛА
ИЗМИСЛУВАМЕ ЗБОРОВИ
НЕБАРЕ БОГОВИ
ШТО УМОРНИ ОД ГРАДБИ
ПОЛЕГНАЛЕ ПО ПАДИНИТЕ
ЖЕЛНИ ЗА МУДРУВАЊЕ
НЕБАРЕ СВЕТЦИ
ПО ВЕЧНА ПОТРАГА
НА ДРЕВНИ КНИГИ И ЈАЗИЦИ
СПАСУВАЈЌИ СИ ГО РОДОТ
ОД ИСЧЕЗНУВАЊЕ
НЕБАРЕ СИЛНИ
ШТО ПО ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ
ПОСЛАЛЕ ВОЈСКИ
ОД ОЛОВНИ РЕДОВИ
НЕБАРЕ ШУТИ

**НЕМАШ ЛИ КОМУ ДА СЕ ОБРАТИШ**

НЕМАШ ЛИ КОМУ ДА СЕ ОБРАТИШ
ЧИТАЊЕТО Е ИСТО
ШТО И ПИШУВАЊЕТО
ВО МОРЕ ОД КНИГИ
СЕКНУВА ПОТРЕБАТА
НА РЕЧНОТО КОРИТО
ОД БУЈНА НАДОЈДЕНА РЕКА
КОГА НЕМАШ ЗЕМЈА
ДА ЈА ПОЛЕВАШ

НЕМАШ ЛИ КОМУ ДА СЕ ОБРАТИШ
ПИШУВАЊЕТО Е ИСТО ШТО И ЧИТАЊЕТО
КОГА ОПАШАН СО ЌЕБЕ
ВО ЛАДНАТА СОБА
ТИ СЕ ЗАЛЕДУВА И ПОТРЕБАТА
ДА МУ ЈА ОБЈАСНУВАШ НА БЛИЖНИОТ
АЗБУКАТА НА ПОСТОЕЊЕТО
КОГА ПРОСТО СЕ ПРЕКРШУВАШ
КАКО ЗАДУМАНА СТРЕЛА
НА ТОЛКУ ПРОЧИТАНИ КНИГИ
НА ТОЛКУ ТЕШКИ РАЗМИСЛИ
НА ТОЛКУ ЖИВИ ВИСТИНИ
ДА СЕДНЕШ И ДА ЈА НАПИШЕШ
ИСТОРИЈАТА НА ГОЛЕМИОТ ПОРАЗ
НА ЦЕЛ ЕДЕН НАРОД
СО СИТЕ НЕГОВИ ВЕКОВНИ
ЗАБЛУДИ И ИЛУЗИИ
КОЈ УШТЕ ОД ДАМНИНА
КАКО ЗМИИ ОТРОВНИЦИ
СИ ГИ НЕГУВАЛ ВО ПАЗУВИ

НЕМАШ ЛИ КОМУ ДА СЕ ОБРАТШ
СЕЕДНО ТИ Е
ЧИТАШ ИЛИ ПИШУВАШ

**ПОИСТЕОВЕТУВАЊЕ**

ДОЛГО СУМ ЈА ЗАДРЖАЛ
ПРОРОДАТА ВО СЕБЕ
ШТОМ ГИ ГУБАМ ПРИЈАТЕЛИТЕ
ОНАА МОЈА СЛОБОДОУМНА И БУЈНА
СО ПРЕДЗНАК НА ВИТМАНА
ДОЛГО СУМ ЈА НЕГУВАЛ
ПЛАШЕЈЌИСЕ ОД ГНЕВОТ
И ОД НЕЈЗИНАТА ОДМАЗДА
ШТО СО ДВОЈНИ КЛЕТВИ
СЕКОМУ ЈА ФРЛА
СЛИЧНИ НА НЕА

**НЕМАШ ПОТРЕБА**

НЕМАШ ПОТРЕБА
ДА МУ ГО ОСВЕТЛУВАШ ПАТОТ
НА ОНОЈ КОЈ НОЌТА ГО ВОДИ
ПО ОСТРИТЕ ЗАСЕЦИ
НА СИТЕ НЕГОВИ СТРАДАЊА
НА ОНОЈ КОЈ СВЕТЛИНА ЗРАЧИ
ОД СЕТА НЕГОВА ПОЈАВА
ОНОЈ КОЈ ТОЛКУ ДОЛГО ПЕШАЧЕЛ
ШТО СИОТ СЕ ПРЕТВОРИЛ ВО ПАТ
ОНОЈ КОЈ СЛИЧЕН НА ВИТМАН
КОГА ЕДНАШ ЌЕ ПОЈДЕ
НИКОГАШ ВЕЌЕ НЕ МИРУВА

НЕМАШ ПОТРЕБА
ДА МУ ГО ОСВЕТЛУВАШ ПАТОТ
НА ОНОЈ КОЈ
ПАТОТ МУ Е СУДБИНА

## **СОВРШЕНО ГО ЗАПОЧНУВАМ ДЕНОТ**

СОВРШЕНО ГО ЗАПОЧНУВАМ ДЕНОТ
КАКО НЕМИОТ БОГ НА УТРАТА
КОЈ ШТОТУКУ ИСКРАДЕН ОД ПОСТЕЛА
СО БОСИ НОЗЕ И ШИРОКА ДОЛАМА
БОГУВА ПО ОДАИТЕ
НА НЕГОВАТА КУЛА
ШТО ЈА БЕШЕ ИЗГРАДИЛ
ПРЕД ИЛЈАДА ЛЕТА
НЕМУ ЗА МЕРАК
НЕМУ ЗА ОСАМА

СОВРШЕНО ГО ПРИВРШУВАМ ДЕНОТ
КАКО СТАРИОТ БОГ НА НОЌТА
КОЈ ШТОТУКУ ЛЕГНАТ НА ПОСТЕЛА
СО СПУШТЕНИ КАПКИ
И ТИВКА НАСМЕВКА
СИ ПОИГРУВА СО СМРТТА
НЕБАРЕ СО КУТРЕ
ТАМУ ГОРЕ ВО ПЛАНИНИТЕ
ВО НЕГОВАТА КУЛА
ШТО ЈА БЕШЕ ИЗГРАДИЛ
ПРЕД ИЛЈАДА ЛЕТА
КАКО ЗАЛОГ ЗА ВЕЧНОСТА
НЕМУ ЗА МЕРАК
НЕМУ ЗА ОСАМА

## СИОТ ЖИВОТ ТИ БИЛ

СИОТ ЖИВОТ ТИ БИЛ
ФРЛАЊЕ НА ОТПАДОЦИ
ГО ЛИСТАМ ДНЕВНИОТ ПЕЧАТ
И ОНА НАЈВРЕДНОТО
И ОНА НАЈУБАВОТО
ГО ОСТАВАМ ЗА КРАЈ
КОГА ПРЕМОРЕН ОД ЧИТАЊЕ
ГО ОТКИНУВАМ ЗА ПОДОЦНА
ФРЛАЈЌИ ГО ОСТАНАТОТО
И СО ДЕНОВИ ТАКА
СОБИРАМ БИСЕРИ
ОД МУДРИ ГЛАВИ
ЗА ИДНИ НАСЛАДИ
ПОЛНЕЈЌИ ГИ САМО
ГРАДСКИТЕ КОНТЕЈНЕРИ
СО НОВИНСКИ ОТПАДОЦИ

**СТИЛСКИ ВЕЖБИ**

ДА ЗАПОЧНАМ ВО СТИЛОТ НА
КАВАФИ
СРАМЕЖЛИВ БИЛ ТИП
ПОВЛЕЧЕН ВО СЕБЕ
ДО НАЈСКРОВИТ ДЕЛ
СО РАСКОШЕН ВЕТЕР
НИЗ АТЛЕТСКИ ГРАДИ
И ЛАДИЛО В РАЦЕ
ЗА МОМИНИ

ДА ПРОДОЛЖАМ ВО СТИЛОТ НА
СТАНЕСКУ
ПАФТААТ БЕЛИ ГУЛАБИ
ВИСОКО НАД РОМАНСКИ МАНСАРДИ
ВО ЕДЕН ГОЛЕМ КРУГ
НЕСЕЈЌИ ЈА МЕСЕЧИНАТА
НА РОСНИ ТРЕВИ
ЛЕЖАТ МРТВИ ВОЈНИЦИ
СИТЕ ПОДГОТВЕНИ
ЗА ЧАС ПО АНАТОМИЈА

ДА ЗАВРШАМ
ВО СОПСТВЕН СТИЛ
И ЗА ТАА ВРСКА
ОД ШАРЕНИ БОИ
СО ПРЕЛИВИ НА ЗАЛЕЗ
ПОТРЕБНИ СЕ ГРАДИ
ЗА РАСКОШНО ТЕЛО
ФУСТАНИ ОД СЕДЕФ
ГРИВА ОД КОСИ
ДО БУТИНИ

## **КОБА 2**

НА НЕНАД СТОЈАНОВСКИ

САМО КАМЕНОТ ЛИ
ДА ГО ДРОБАМ
ЗА ВРВОВИ ДА ДОПИРАМ
КОГА КОГА - ТОГАШ
ЌЕ ЗАГЛИБАМ ВО КАЛТА
НА ГРЧКИТЕ КИПАРИ
ЗА ПОДОЦНА
ВО НЕА ДА ВАЈАМ
И КОЈ ЛИ ДЕМОСТЕНИ
МЕ ТУРКААТ НА ШТИЦИТЕ
СЕ НЕШТО ДА ЛАФАМ
НАПРАЗНО
А БРЕ ГОДИЊЕ НАПОЛНИВ
СТРОЕН МАЖ НА УБОСТА
А НИТУ ЕДНАШ ДА ЗАСКИТАМ
ПО НЕЗНАЈНИ ПАТИШТА
ДА СЕ НАДИШАМ
СВЕЖЕСТ ВОЗДУХ ОД ГОРИТЕ
И КОЈ ЛИ АРЛЕКИНИ
МИ СПРЕМААТ РУВА
ДА МЕ ПОДГОТВАТ
ЗА ПОСЛЕДНИОТ ЧИН
ОД “СМРТНА ПОСТЕЛА”
ВО ПРАВО БЕШЕ ИЉА
“ПРЕСТАВИТЕ УМИРААТ”
А НЕ БИ ЧОВЕКОТ
И ЈАС КАКО ТАКОВ

**СЛАБОСТ**

НЕ ЗНАМ ЗА ДРУГИТЕ
АМА ЗА МЕНЕ
ФРОЈД БЕШЕ ВО ПРАВО
ОНА ШТО НЕ СУМ ГО ИМАЛ
ВО ЖИВОТОТ
ГЛЕДАЈЌИ ГО САМО
ОД СПРОТИВА
СУМ ГО ПРЕФРЛАЛ
ВО ПОЕЗИЈАТА
КАКО ВЕДРО СО ВОДА
ДА ЈА НАПОЈАМ
ОНА ШТО НЕ СУМ ГО МОЖЕЛ
СО ТЕЛОТО
АБЕЈЌИ ГО САМО
СУМ ГО ЧИНЕЛ
СО ЗБОРОТ
СО ЕДНА ЦЕЛ
ДА ЈА ДОЛОВАМ УБАВИНАТА
НО СЕПАК
ФРОЈД БЕШЕ ВО ПРАВО
СО СЛАБОСТА СВОЈА
СУМ КЛЕПАЛ ПЕСНИ
НЕБАРЕ ГРАДБИ
НА СТАРИТЕ МАЈСТОРИ
ШТО СО МИЛОСТ БОЖЈА
СУМ ГИ СОЗДАВАЛ

## ПОСЛЕДНИТЕ СЕДЕНКИ НА ЧЕДО ЈАКИМОВСКИ

ПОСЛЕДНИТЕ СЕДЕНКИ НА ЧЕДО ЈАКИМОВСКИ
МУ БЕА УМИРАЊА
РЕКВИЕМ ПРЕД СМРТТА
НИТУ КОЦКА МРАЗ
НИТУ ПАРЧЕ РИБА
НИТУ НОБЕЛ ПОД ПЕРНИЦА
НИШТО
ГОЛА МАСА
ГОЛИ ВИДУВАЊА
КОЛКУ ЗЕМАШ
ТОЛКУ ВРАЌАШ
СРЧИ ВО УТРОБА
КОЛКУ ЖИВЕЕШ
ТОЛКУ УМИРАШ

ПОСЛЕДНИТЕ СЕДЕНКИ СО ЧЕДО ЈАКИМОВСКИ
НИ ОСТАВАА ПОРАКА
СИЛНА ГНОСА
КОЛКУ ГУБИШ ВО ЖИВОТОТ
ТОЛКУ ДОБИВАШ ВО УМЕТНОСТА
ПЕСНИ ЗА ВОЗВРАТ
БОЖЈИ ДАР

**СИТЕ ТИЕ НАС**

СИТЕ ТИЕ НАС
ПО МАЛКУ НЕ ИЗИГРАЛЕ
ОВИДИЕ И ДАНТЕ
ЕСЕНИН И ЕЗРА
КАВАФИ И НИКИТА
ТИЕ ХРАБРИ РИЦАРИ
НА БЕЛИ КНИГИ
ШТО ОД НЕКАДЕ КРИШУМ
НИ СЕ ПОТСМЕВААТ
ОСТАВАЈЌИ ЈА ПРАВТА
ДА НИ ПАЃА
ОД КОЊСКИТЕ ИМ КОПИТА
НИЗ СИТЕ ТЕМНИ ШУМИ
МОФТА ДА СЕ ПЛАСТИ
НА СТОЛЕТНИ СТЕБЛА
ПРОБАМЕ ЛИ В ЧАС
ДА ИМ СЕ ДОБЛИЖИМЕ
НА НИВНАТА АУРА

СИТЕ ТИЕ НАС
ПО МАЛКУ НЕ ПРЕЗРЕЛЕ

**МРТВИ**

ВО ОДНОС НА МРТВИТЕ
НИЕ СМЕ МАЛЦИНСТВО
ТЕШКО ДА СЕ ИЗБОРИМЕ
ЗА СВОИТЕПРАВА
КОЛКУ И ДА СМЕ БОРБЕНИ
ТИШИНАТА И МОЛКОТ
ЕДЕН ДЕН ЌЕ НЕ ПРЕКРИЈАТ
НО МУДРИ СЕ ОНИЕ
ШТО ВО ПРЕДВОРЈЕТО НА СМРТТА
ПОЛНИ СО РАЗМИСЛА
ШЕТАЈЌИ СИ ТВОРАТ
НАСПРОТИ ДРУГИ
ЗА ДА ГО ЗАБАВАТ ВРЕМЕТО
СКОКААТ И ВРЕВАТ
ЗА СИТНИ ПРАВДИНИ
НАСПРОТИ ТРЕТИ
АЛЧНИ И БЕДНИ
ШТО ПРЕМРЕНИ ОД СТРАВ
ПОСТОЈАНО СЕ ПРИКЛОНУВААТ
КОН ЗЕМНИ БОГОВИ
НАСПРОТИ ХРАБРИ
КОИ СО СМРТТА
ОД КОЛЕПКА СЕ ДРУЖАТ
СОЗДАВАЈЌИ ДЕЛА
ШТО ЌЕ ОСТАНАТ
КАКО НЕМИ СВЕДОЦИ
НАСПРОТИ МЕНЕ
И ОНИЕ ИДНИ
ШТО ЗА НИВ ЌЕ ПЕАТ

**РАЧЕН ВЕЗ**

СЕДИМЕ И МЕЗИМЕ
ПИЕЈЌИ ДОМАШНА РАКИЈА
ОД ПРЕКРАСНИ ВИЕНСКИ ЧАШИ
СО МОЈОТ ДРАГ ПРИЈАТЕЛ
ВЕЛИЧЕЈЌИ ЈА НИВНАТА УБАВИНА
НИВНИОТ РАСКОШЕН ГЛАМУР
ЗА ОДНЕНАДЕЖ ДА РЕЧЕ
НЕ БИ ЈА ПРОБАЛ
СЕКОЈА КОКОШКА
КОЈА БИЛО ПИЈАЧКА
КОЈА БИЛО ЖЕНА
ОДБИРЛИВ СУМ ВО НАСЛАДИТЕ
НЕКА НЕМА...
ЈАС МУ ОДОБРУВАМ
НИШАЈЌИ СО ГЛАВАТА
СМЕШКАЈЌИ СЕ НАВРАПИТО
БЕЗ ДА ИЗУСТАМ ЗБОР
ДА НЕ МУ ОПИРАМ
НО ДЛАБОКО ВО СЕБЕ
СО МИСЛА И НАУМ
ГО ОДРЕКУВАМ ПРИЈАТЕЛОТ
НАЛЕВАЈЌИ МУ ЈА ЧАШАТА
И ОСТАВАЈЌИ ГО ТАКА
ДА ЈА ПОДИГА И ДА ЉУБИ
ПРЕКУ НЕА
НЕПОЗНАТА ВИЕНСКА ДЕВОЈКА
ШТО ЈА СОЗДАЛА

**ПРЕДАВСТВО**

СЕ ПРЕДАЛ И МОЈОТ ПРИЈАТЕЛ
ВО ЕДНЕ РЕЖИМСКИ ВЕСНИК
НАПИШАЛ ПАНЕТИРИК
ЗА ВОЛКОТ И СТОТЕ ЈАРИЊА
ОТВАРАЈЌИ ГИ ЗА СЕБЕ
СИТЕ ВРАТИ
НА АКАДЕМСКИТЕ ХРАМОВИ
НИЗ КОИ ВО ПРАВ И МЕМЛА
ПОКРАЈ МРТВИ
СЕ РЕДАТ ЖИВИ КИПОВИ
ВО ВЕЧНА РАСПРАВА
ЗА ЈАЗИКОТ
И НАШАТА ПОСТОЈБИНА
ЗАТОРАЈЌИ ГИ ЗА СЕБЕ
СИТЕ ВРАТИ
НА СТАРИТЕ МЕАНИ
ВО КОИ НИЗ ЖИВА РАСПРАВА
СПОРИМЕ ЗА УБАВОТО
ВО УМЕТНОСТА
СТО БИСЕРИ НА ЕДЕН КАМЕН
РАЦИНЕ
СТО ЈАГНИЊА НА ЕДНЕ ВОЛК
ПРИЈАТЕЛЕ
ГОЛЕМ ЗАЛОГ ЗА УБИСТВО
МАЛ ЗАЛАК ЗА ПРЕДАВСТВО
ВЕЧНО РАСПНАТ МЕЃУ ОНА
ШТО ГО ПРАВИШ
И ОНА ШТО ГО ПИШУВАШ
ДА ВЕЛИЧАШ ТУЃО ПИСМО
ЗА ДА ГО ОБЈАВИШ СВОЕТО
ДРЖЕЈЌИ ГО НАПНАТ ЛАКОТ
А СТРЕЛАТА ДА ТИ МИРУВА
ВОЛЧЈА ЧЕЛУСТ
ВО БЕЛИ ПОСТЕЛИ
МЕ ПРЕДАЛ И МОЈОТ ПРИЈАТЕЛ

КОМУ СЕГА ДА МУ ПЕАМ
И ЗОШТО ДА ПИШУВАМ

**СУШТИНАТА НА ПОСТОЕЊЕТО**

ДРАГ ПРИЈАТЕЛЕ
СЕТА СУШТИНА НА ПОЕЗИЈАТА
СЕ СВЕДУВА НА ЕДНО
КАКО ДА СЕ КАЖЕ
СИЛЕН ОД ПОМИСЛАВА
БИ СЕ ОСМЕЛИЛ ДА РЕЧАМ
СЕТА СУШТИНА НА УМЕТНОСТА
И НЕ БИЛ ВАЖЕН ЧИНОТ
ВАЖЕН БИЛ НАЧИНОТ
ПРЕКУ БОЈАТА ЗВУКОТ ЗБОРОТ
ДА СЕ СОЗДАВААТ ДЕЛА
НИЗ ВЕКОВИ
ДОБРО ЗАПОМНИ
СЕТА СУШТИНА
НА ПОЕЗИЈАТА УМЕТНОСТА
СИЛЕН ОД ПОМИСЛАВА
БИ СЕ ОСМЕЛИЛ ДА РЕЧАМ
СЕТА СУШТИНА НА ЖИВОТОТ
СЕ СВЕДУВА НА ЕДНО
КАКО ДА СЕ ЖИВЕЕ
И НЕ БИЛ ВАЖЕН КОРЕНОТ
ВАЖЕН БИЛ ПЛОДОТ
ПРЕКУ ЉУБОВТА ОМРАЗАТА
ПРЕКУ ОЧАЈОТ
ДА СЕ СОЗДАВААТ ДЕЛА
НИЗ ВЕКОВИ
ДРАГ ПРИЈАТЕЛЕ

**НИКИТА**

ПАТУВААТ МОИТЕ ЗБИРКИ ПОЕЗИЈА
МОИТЕ КРОКИ СТИХОВИ
ПАТУВА И МОЈОТ НЕНАПИШАН РОМАН
ШТО ДОЛГО ГО ГОНЕВ ОД СЕБЕ
КАКО БОЛЕСТ ШТО ПРИТИСКА
ПАТУВААТ И МОИТЕ НЕРОДЕНИ ДЕЦА
КАКО ЗМЕЈОВИ ШТО ВИСОКО ГИ КРЕВА
МОЈОТ ЕДНОРОДЕН СИН
ПАТУВААТ И ТВОИТЕ ВОЈНИЦИ
НИКИТА
КАКО ТВОИТЕ ГУЛАБИ
ШТО ВИСОКО ГИ ЛЕТАШ
ОД ТВОЈАТА РОМАНСКА МАНСАРДА
ВО ГОТСКИ СТИЛ
ПАТУВААТ И ТВОИТЕ СЛЕПЦИ
СО ПОЛНА КОЛИЧКА ОЧИ
ОД КОЈА СЕ НАЅИРААТ И ТВОИТЕ
ПАТУВА И ТВОЈАТА ПТИЦА
ГОЛЕМА БЕЛА
КОЈА НА НЕБОТО
ЈА НЕСЕ МЕСЕЧИНАТА

**ПИЛОТСКА КАБИНА**

ТИ МОЖЕШ ДА ГО ЗАМИСЛИШ
КАКО ПТИЦА
ДЕДЕКА ТЕ НАДЛЕТУВА
КАКО ОКО
ШТО ДОЛГО ТЕ НИШАНИ И СТРЕЛА
КАКО СРНА МОЖЕШ
КАКО ЖЕНА
ШТОМ КРВАРИШ
РАСПОСЛАНА
КАКО ЅВЕЗДА
ШТО БЛАГО СЕ ПОДАВА И ПАЃА
КАКО КАМЕН ВО УТРОБА
КАКО ИКРА МОЖЕШ
КАКО РИБА
НАД БРАНОВИ ШТОМ ПРЕВИРАШ
РАЗГОЛЕНА
ТИ МОЖЕШ ДА ГО ЗАМИСЛИШ
КАКО ЗМИЈА
ШТО ЛЕГЛО ТИ СВИЛА
ПОД ПАЗУВА
КАКО ВОДА МОЖЕШ
КАКО ПЕНА
ШТОМ ДОЛГО СЕ БУДИШ
НА ПОСТЕЛА

**СЕКОМУ ДАДОВ**

СЕКОМУ ДАДОВ
ПО НЕКОЈА ТРОШКА
ЗАР ДОТАМУ ДОЈДОВ
ТОКМУ СЕГА
НА СТАРИ ГОДИНИ
ДА ГИ СОБИРАМ

**РОПСКИ**

ТИЕ ЖИВЕАТ
ДОДЕКА НИЕ ИМ СЛУЖИМЕ
НИЗ ЖИВОТОТ НАШ РОПСКИ
ТИЕ МИСЛАТ
ВИСТИНСКИ ЖИВЕАТ
ДОДЕКА НИЕ ИМ СЛУЖИМЕ
НИЗ ЖИВОТОТ НАШ РОПСКИ
ТИЕ УМИРААТ
ДОДЕКА НИЕ ИМ СЛУЖИМЕ
КАКО ГРОБАРИ ЗА КРАЈ
НИЗ ЖИВОТОТ НАШ РОПСКИ
КОГА ЕДНАШ
И ЗА НАС ЌЕ ИМА УМИРАЧКА
ЗА ЖИВОТОТ НАШ РОПСКИ
БЕРТОЛДЕ БРЕХТЕ

**СТРАДАЛНИК**

МУ КРШЕА РАЦЕ НОЗЕ
СТУДЕН КАМЕН НА ГРАДИТЕ
А ЗБОРОТ КИПИ ЗБОРОТ ГОРИ
ВО УСТАТА ЗАТАЕНА

МУ ВАДЕА НОКТИ ЖИЛИ
ЗАБИ В КОРЕН ПОБЕЛЕНИ
КРВТА ГРУТКА ЗАДОЕНА
ДЛАБОКА И БЕЗ ЗДИВ

ЛУТИ РАНИ МУ ЛЕЧЕА
СОЛ ШТО ОГАН МУ НАНЕСЕ
ДА ГО ВИДАТ В РАНИ ЗОРИ
КАКО ТАЖИ КАКО ПЛАЧЕ

СЕ ДОСЕТИ НЕКОЈ ОД НИВ
ОЧИТЕ МУ ГИ ВРЗАА
ТЕМЕН ПРЕВЕЗ ГО ДОБОЛЕ –
ТА ПРОЗБОРЕ

**ДРЖАВА**

ЈАС НЕА СО ЗБОР
ТАА МЕНЕ СО МОЛК
ЈАС НЕА СО СТРУНА
ТАА МЕНЕ СО ЧЕКАН
МОЈА ПЕСНА
МОЈ ПЛАЧ
НА ОВА МАЛО
ПАРЧЕ СУВА ЗЕМЈА
КОЕ СЕ ПОВЕЌЕ
МИ НАТЕЖНУВА
ОВДЕ НА СТАПАЛОТО
ОД КУЦАТА МИ НОГА

**НИКОГАШ НЕ УСПЕАВ**

НИКОГАШ НЕ УСПЕАВ
ДА НАПИШАМ ПЕСНА
ШТО ЌЕ СТРЕСЕ
ЦЕЛА ЕДНА ПЛАНИНА
СЕ ДО ПОДНОЖЈЕТО
НА МОЈАТА ТАГА
ПЕСНА СО КОЈА
КАКО КРУШКА ЌЕ ПАДНЕ
ЦЕЛА ЕДНА ДРЖАВА
СКЛОНА НА ПАЃАЊЕ
УШТЕ ОД ЗАРОДИШ
ПЕСНА ИЉАЧ
КОЈА ЌЕ ИЗЛЕКУВА
ЦЕЛ ЕДЕН НАРОД
ОД БРОЈНИ ЛАГИ И ЗАБЛУДИ
ИЛУЗИИ И МИТОВИ
КОИ СИ ГИ БЕШЕ НЕГУВАЛ
КАКО БУБАЛЧЕ ВО КОЛЕВКА
КАКО ТЕСТО ВО ЦРЕПНА
ПЕСНА ПЕСОЧНИК
НИЗ КОЈА ЌЕ ИСТЕЧЕ
СЕТА МОЈА НАДЕЖ
ДЕКА НЕКОГАШ ЌЕ УСПЕАМ
И ДА ЈА НАПИШАМ

**КРВАВИ РАПСОДИИ**

ВО СЕКОЈ АНГЛИЧАНЕЦ
СИ ЧУЧНАЛ ПО ЕДЕН ИРЕЦ
СО НАДЕЖ ДА НОЌИ
ВО НЕГОВАТА УТРОБА

СЕ УШТЕ ГО БЕРАТ ПАМУКОТ
ПО ЛУИЗИЈАНСКИТЕ  ПОЛИЊА
КРВАВИТЕ РАЦЕ НА ЦРНЦИТЕ
НО СЕГА БЕЛИ ДЕВОЈКИ
СЕДАТ ВО ЦРНИ СКУТОВИ
ПАФТАЈЌИ СО ЛАДИЛА

ПО КАФКАСКИТЕ ПЛАНИНИ
СКОКААТ ЧЕЧЕНЦИ
ПОГОДЕНИ ОД БОМБИ
ДОДЕКА РУСКИТЕ МАЈКИ
ГИ УСПИВААТ ДЕЦАТА
ПЛШЕЈЌИ ГИ СО НИВ

ИЛЈАДНИЦИ КУРДИ
ПОЛЕГНАТИ ПО ПАДИНИ
ЈА СОНУВААТ ЗЕМЈАТА
ШТО НЕКОГАШ ИМ БИЛА
СПРУЖЕНА НА ДЛАНКА

НЕМИРНИТЕ БАСКИ
СЕ ПЕЧАТ НА ЖЕШКИ ПЕСОЦИ
ДОДЕКА НЕ ГО КРЕНАТ
БРАНОТ ВО НИВ

ЕВРЕИ ЕРМЕНЦИ МАКЕДОНЦИ
И МНОГУ ДРУГИ
НАРОДИ И ЕТНИКУМИ
МИНАТИ ИМПЕРИИ
ДРЖАВИ И ЦАРСТВА

КУЛИ ВАВИЛОНСКИ

**МИСОЛОНГИ**

МОЈОТ СТАР ПРИЈАТЕЛ
ПОСТОЈАНО МЕ ОДВРАЌА ОД СОЦИЈАЛА
ОД ОНА ИСКОНСКО ОДЕЊЕ ВО НАРОДОТ
КОЕ НАЈДОБРО ГО БЕШЕ ОПИШАЛ
РУСКИОТ МАЧЕНИК СОЛЖЕЊИЦИН
ВО НЕГОВИОТ КУЛТЕН РОМАН
"ВО ПРВИОТ КРУГ"
БРЕХТ ТИ Е ВО КРВТА - МИ ВЕЛИ
СЛЕП СИ ОД НЕГОВАТА АУРА
ОД "ДОБРАТА ДУША НА СЕЧУАН"
НЕ ГЛЕДАШ ЛИ ДЕКА
ПОСТОЈАНО СЕ ПОВТОРУВАШ
ПИШУВАЈЌИ НА ЕДНА ИСТА ТЕМА
ЗА НАРОДНИ НЕПРАВДИ И СТРАДАЊА
КАКО НЕКОГАШ РАЦИН СОЛЕВ КОСТА
КОГА ЕДНАШ ЌЕ ПРЕСТАНЕШ
САМО ЗАНИВ ДА ПЕЕШ

МОЈОТ ДРАГ ПРИЈАТЕЛ
ПОСТОЈАНО МЕ ОДВРАЌА ОД СОЦИЈАЛА
НЕГОВА Е И ПЕСНАВА

**ЗБОГУМ НА РЕВОЛУЦИЈАТА**

ДОБРО ЗНАМ
ИЗЛИТЕНИ СЕ СИТЕ ФРАЗИ
ПОМИСЛИ И НАМЕРИ
ЗА НЕКАКВА РЕВОЛУЦИЈА
НА КРАЈОТ ОД ВТОРИОТ МИЛЕНИУМ
НА ПОЧЕТОК ОД ТРЕТИОТ
ДОБРО МИ Е ПОЗНАТО
КОГА САКАМ НЕШТО ДА МЕНУВАМ
НИЗ КРВАВИ ТРАГИ
И ЧИСТО ИЗГОВОРЕН ЗБОР
НЕМА ТЕЖИНА ЗНАК
НЕМА ПОРАКА
ОДГЛАС ВО ПЛАНИНИТЕ
НАДВОР Е ТОЛКУ ТИВКО
СТИВНАЛ ВЕТРОТ
ПЕЧЕ СОНЦЕТО ОД ОЗОНСКАТА ДУПКА
ГО ПАЛИ ВАНГОГОВОТО ЖИТО
ИХААТ КОЊИТЕ НА НИКИТА
ПО АМФИТЕАТРИТЕ И ПОЛИЊАТА
КРЕВАЈЌИ СЕ УГОРЕ
СПУШТЕНИ СЕ ТЕШКИТЕ ЗАВЕСИ
НАД СТАРИ ИЗЛИТЕНИ ЕДРА
ВИСАТ АРЛЕКИНИ
ЧКРИПИ ЧЕКРЕКОТ
ПОПУШТААТ ШТИЦИТЕ
РАЗЈАДЕНИ ОД БУБАЧКИ
И ТЕШКИ ЧЕКОРИ
САМО ПРАВ ВО СНОПОТ
ОД ГУСТА СВЕТЛИНА
НА МИНАТИ ПРОБИ
ЗГАСНАЛ ОГНОТ НА ВЕСТВАЛКИТЕ
ОЧАЈ И ЛУДИЛО

**АМА НЕ ДО КРАЈ**

МНОГУ ОДАМНА
СО НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ НА ЛЈУ БАН
БЕШЕ СОБОРЕН ЛЕГИЗМОТ ВО КИНА
АМА НЕ ДО КРАЈ
АМА НЕ ДО КРАЈ

ВО ОСУМНАЕСЕТИОТ ВЕК
СО ФРАНЦУСКАТА РЕВОЛУЦИЈА
БЕШЕ СОБОРЕНА АРИСТОКРАТИЈАТА ВО ФРАНЦИЈА
АМА НЕ ДО КРАЈ АМА НЕ ДО КРАЈ

ВО ПОЧЕТОКОТ НА ДВАЕСЕТИОТ ВЕК
СО ОКТОМВРИСКАТА РЕВОЛУЦИЈА
БЕШЕ СОБОРЕН ЦАРИЗМОТ ВО РУСИЈА
АМА НЕ ДО КРАЈ
АМА НЕ ДО КРАЈ

ПРИ КРАЈОТ НА ИСТИОТ ВЕК
СО ПАЃАЊЕТО НА БЕРЛИНСКИОТ ЅИД
БЕШЕ СОБОРЕН КОМУНИЗМОТ ВО ЕВРОПА
АМА НЕ ДО КРАЈ
АМА НЕ ДО КРАЈ

ЦРВОТ ОСТАНУВА
И ПОНАТАМУ ДА ЈАДЕ
ОД ТРПЕЗАТА НА СОМНЕЖОТ

**МА МОРА И ХЕГЕЛ ДА ЗАБЕГАЛ**

МА МОРА И ХЕГЕЛ ДА ЗАБЕГАЛ
ВО МИГОТ КОГА ЈА СОЗДАВАЛ
ПРВИЧНАТА ИДЕЈА
НА СИТЕ ИДНИ СЛУЧУВАЊА
КОИ СИТЕ ДО ЕДНО
ЗАВРШИЈА ВО ЧИСТА МАТЕРИЈА
КОЈА ШТО ДЕНЕС
НАПОЛНО НЕ БЕТОНИРА
НЕМОЖЕ ЗА НЕА
ДА ГИ ОБВИНУВАМЕ
НЕГОВИТЕ ВЕРНИ НАСЛЕДНИЦИ
САМО ЗАТОА ШТО
ДОДЕКА ТОЈ МИСЛЕЛ
ТИЕ РАБОТЕЛЕ НА СМИСЛЕНОТО
ПАЃАЈЌИ ОД СИЛЕН УМОР
ПОСТАВУВАЈЌИ ГО НА НОЗЕ
МОРА И ВО САМАТА ИДЕЈА
ДА ПРО'РТЕЛО ЗРНОТО НА РАЗДОРОТ
НА СИТЕ ИДНИ НЕСОГЛАСУВАЊА
МОРА ДА ЗАИГРАЛ ЦРВОТ
И ВО НЕГОВАТА УТРОБА
ВО МИГОТ КОГА ЈА СОЗДАВАЛ
ИДЕЈАТА ЗА ПОДОБАР СВЕТ
КОЈ ЗНАЕМЕ КАКО ЗАВРШИ
СО МНОГУ ЖРТВИ
СО МНОГУ ЖРТВИ

**ДОДЕКА ГИ ОТВОРАШ ОЧИТЕ**

ДОЕДЕКА ГИ ОТВОРАШ ОЧИТЕ
УШТЕ ОД РАНИ ЗОРИ
СО НАМЕРА ДА ГО ЗГРАБИШ ДЕНОТ
АМА НЕ И ОТСЈАЈОТ
ГЛЕДАЈЌИ ГО КАФЕТО ВО ЃЕЗВЕТО
КАКО ПОМПЕЗНО СЕ КРЕВА
ЗАЕДНО СО МАГЛАТА ПОД ВОДНО
ЧИТАЈЌИ ГИ ВОЛШЕБНИТЕ ПЕСНИ
НА РАНИОТ ХЕЛДЕРЛИН
ДОДЕКА ВЛЕГУВАШ ВО БАЊАТА
БУДЕЈЌИ СИ ГО ТЕЛОТО
ОД БРОЈНИТЕ ТИ ПАЃАЊА
ПО СУРИТЕ КАРПИ
ВО БЕЗДНАТА НА ЖИВОТОТ
ТОГАШ Е НАЈДОБРО ДА СЕ НАПАДНЕ SВЕРОТ
ВО НОВАТА КУЛА
ГОРЕ НА РИДОТ
КОЈА НАДМЕНО СЕ ВИШИ
ДУРИ ДО НЕБЕСА
ТОГАШ Е НАЈДОБРО
ДА МУ СЕ ЗАДАДЕ УДАРОТ
ДОДЕКА НЕ ИСКИПИ КАФЕТО
НА ВЖЕШТЕНАТА РИНГЛА
ЗАЕДНО СО ОНАА ВЕЧНА
И НАСУШНА ПОТРЕБА
ЗА КОНЕЧНА ПРЕСМЕТКА
СО ВЕКОВНИОТ ДУШМАН
КОЈ ТАКА СО ГОДИНИ
ТИ ЈАДЕ ОД УТРОБАТА
КАКО ГЛАДЕН ОД ЧИНИЈА

**А ПОТОА ЌЕ СЕДНЕЛЕ**

А ПОТОА ЌЕ СЕДНЕЛЕ
И ПО КОЈЗНАЕ КОЈ ПАТ
ПОВТОРНО ЌЕ ЗАПОЧНАЛЕ
ДА ПИШУВААТ ЗА ОНА
КОЕ СО ЛУТИ БОРБИ
МЕЃУСЕБНО СИ ГО УНИШТУВАЛЕ
НЕДОВЕТНИ ДА ЈА СВАТАТ
СУШТИНАТА НА ПОСТОЕЊЕТО
СМИСЛАТА НА ЖИВОТОТ
СЕТА НЕГОВА УБАВИНА

СТУДОТ БИЛ ТОЛКУ ГОЛЕМ
ШТО И НАЈСИЛНИОТ ОГАН
НЕ МОЖЕЛ ДА ГИ ЗАТОПЛИ
НИВНИТЕ ОДАИ
ЗАЛЕДЕНИТЕ ИМ СРЦА
НА КОИ КАКО ЧЕНГЕЛИ
ВИСЕЛЕ МРАЗУЛЦИ
СЕ ТАМУ ДО ПРОЛЕТТА
ДО ДОТЕКОТ НА ГОЛЕМИТЕ ВОДИ
ТАМУ ГОРЕ
ОД ОТОПЕНИТЕ ПЛАНИНИ
ВО КОИ ПОВТОРНО ГИ БУДЕЛЕ
СИТЕ НИВНИ ПОРИВИ
ЗА БЕСПОШТЕДНА БОРБА
СО ЛУТИОТ НЕПРИЈАТЕЛ

А ПОТОА ЌЕ СЕДНЕЛЕ
И ПО КОЈЗНАЕ КОЈ ПАТ
ПОВТОРНО ЌЕ ЗАПОЧНЕЛЕ
ДА ЈА ПИШУВААТ
СЕКОЈ ЗАСЕБНО
СОПСТВЕНАТА ИСТОРИЈА

**РЕЧНИ СОСЕДИ**

ИМ ФРЛАМЕ СТЕБЛА ПО РЕКИТЕ
ОД НАШИТЕ БУЈНИ ШУМИ
ТИЕ СМРЗНУВААТ
ИМ ПРАЌАМЕ СВЕЖА ХРАНА
НА ШИРОКИ СПЛАВОВИ
ТИЕ ГЛАДУВААТ
ИМ ПУШТАМЕ ЛОЗЈИ ВИНА
ВО ГОЛЕМИ МЕШИНИ
ТИЕ ЖЕДНЕАТ
МЕЛЕМ БИЛКИ СОЧНИ ТРЕВКИ
ЗА РАНЕТИ ИМ ВОИНИ
ШТО КРВАРАТ
ГИ БУДИМЕ ДА НЕ ЧУЈАТ
СО ТРУБИ И ФАНФАРИ
ТИЕ НЕМЕАТ
САМО ДОЖДОИ СЕГА МОЖАТ
И ВОДИТЕ ШТОМ НАДОЈДАТ
ДА НЕ ЗДАВАТ
ДА НЕ ЗГРНАТ
И ПОМИРАТ

**ОДМАЗДА**

ПО ВАРВАРСКАТА ГОЗБА
ПОЛЕГНАА ПО ПАДИНИТЕ
ДА ПОЧИНАТ
ТОЛКУ ОСИЛЕНИ
ШТО СО ОТКОРНАТИТЕ СТЕБЛА
ОД РИДОТ
СИ ГИ ЧЕПКАА ЗАБИТЕ
РАСТЕРУВАЈЌИ ОБЛАЦИ
СО ВОЗДИШКИ
ДОДЕКА НИВНИТЕ ЖЕНИ
ВО ЛУЧЛКИ ОД РАЦЕ
ГИ УСПИВАА ДЕЦАТА
НИВНИТЕ НАСЛЕДНИЦИ
КОГА ДОЈДОВМЕ ДО НИВ
БЕА ПОЗАСПАНИ
СО ОРОСЕНИ ЧЕЛА
И НАДУЕНИ МЕВОВИ
БЕЗГРИЖНИ ЗА НАШАТА ОДМАЗДА
ШТО СО ГОДИНИ НАНАЗАД
ЈА КОВЕВМЕ
ВО МРАЧНИТЕ ШУМИ
НА НАШИТЕ ДЕДОВЦИ

НИШТО
САМО УДАР ОД МЕЧ
ВО РАЗГОЛЕНИ ГРАДИ
ЖЕНСКИ ПЛАЧ
И ДЕТСКИ ПИКОТНИЦИ

КОЈ ЛИ ОД НАС
ЌЕ ЈА ЧЕКА
НИВНАТА ОДМАЗДА

**НА ПАТОТ ЗА ИНДИЈА**

НЕ МОРАШ НИШТО ДА ПОНЕСЕШ
НА ТВОЈОТ ПАТ ЗА БОМБАЈ
МОЖЕБИ НЕКОЕ ПОДЗАБОРАВЕНО ШАМИВЧЕ
ОД МИНАТИОТ ВЕК
КОЕ ЌЕ ГО ПРЕФРЛАШ ПО ЏЕБОВИТЕ
КАКО УМОРНОТО ТИ ТЕЛО
ПО БРОЈНИТЕ ВАГОНИ
ВРАЌАЈЌИ МУ ГО ТАКА
НЕКОГАШНИОТ МУ СЈАЈ

НЕ МОРАШ НИШТО ДА ТОВАРИШ
НА ДОЛГИОТ ПАТ ЗА МУМБАЈ
ТАМУ СЕ ЌЕ НАЈДЕШ
ШТО ОВДЕ ТИ НЕДОСТИГА
ЗА ПОЛЕСНО ДА МОЖЕШ
ДА СИ ЈА НАХРАНИШ СУЕТАТА
ГОЛЕМА КОЛКУ ТВОЈОТ АЛЕКСАНДАР

НЕ МОРАШ НИШТО ДА ПОНЕСЕШ
НА ВРАЌАЊЕТО ОД ИНДИЈА
МОЖЕБИ НЕКОЈА ПОДЗАБОРАВЕНА МИСЛА
ОД МИНАТИ ВРАМИЊА
КОЈА ЌЕ ТИ ЈА ОСВЕЖИ МЕМОРИЈАТА
ЗА ВЕЌЕ ЕДНАШ
КОНЕЧНО ДА СВАТИШ
КОЛКУ СИ ВСУШНОСТ  МАЛ

**ДОЛГО ТЕ БУДАТ ПО ИГРАТА**

ДОЛГО ТЕ БУДАТ ПО ИГРАТА
МЛАДИ ТАНЧАРИ ВО БЕЛО
НЕМИ БОГОВИ НА УБОСТА
ПОСЛАНИ ПРЕД ТВОЕТО УМОРНО ТЕЛО
КОЕ БАВНО ГО КРЕВАШ
НА ДНЕВНАТА СВЕТЛИНА
ЗА ПОВТОРНИ ДВИЖЕЊА

КАЖИ МИ ДАЛИ МОЖЕШ
НЕЖНО ДА СТРУНИШ
ПО ГОЛИ ОБЛИЦИ
ИСКАПЕНА ВО ПОТТА
НА ТЕЛОТО ШТО ГО ПОДАВАШ
ЗА НЕГА И ОБРОЦИ

КАЖИ МИ ДАЛИ МОЖЕШ
ДА СМОГНЕШ СИЛИ
И ДА ГИ ОТФРЛИШ
СО ДРСКО ГАДЕЊЕ
СИТЕ ОВИЕ БРОЈНИ ДВОРЦИ
РАСКОШНИ САЛИ
МЕКИ ПОСТЕЛИ
БЛУДНИ ДОПИРИ

ПОСЛУШАЈ МЕ
ВРЕМЕ Е ДА СЕ СМИРИШ
ОД ВЕКОВНИ ПОДАВАЊА
КАКО ЖРТВА
НА ГОЛИОТ КАМЕН
КОЈ ОСАМЕНО ГО ЧЕКА
ТВОЕТО ПОСТЈАЊО ВРАЌАЊЕ
ЗА НЕЖНО ДА СЕ СПРУЖИШ

НА СТРАКЧИЊА ОД ТРЕВА
И ЗАГЛЕДАНА ВО НЕБОТО
РАДОСНО ДА ЗАПЛАЧЕШ

ИЗЛЕЗИ НА УЛИЦА
НА ДОЖДОТ ШТО РОМОРИ
И ЗАИГРАЈ ЗА ПОСЛЕДЕН ПАТ
ПРЕД ВИЧНИТЕ ТАНЧАРИ
КОИ УТРИНАВА ТЕ БУДАТ
СО НЕЖНИОТ ТАКТ
НА ВЕЧНАТА РАЗДВИЖЕНОСТ

И ОТКАКО ЌЕ СЕ НАИГРАШ
СПУШТИ ЈА ЗАВЕСАТА
ПРЕД ТВОЈАТА НАГОСТ
И ЗАМИНИ
ПРЕД ДА ЈА ПОЧУСТВУВАШ
УШТЕ ЕДНАШ
ВЕЧНАТА ПОТРЕБА
ЗА БЛУД И ИГРА

**ТАА НЕМУ**

ТИ МИСЛИШ
ДОЛГО МЕ ИМАШ
ЗА ВЉУБЕНА ЖЕНА
ЗА НАЈБЛАГ ДОПИР
ЗА КРАЈ
А ЈАС ПАК САМО
ЧЕКОР ТИ СЛЕДАМ
И СЕ СО ЕДНА МИСЛА
ДА ТЕ ОПРАВДАМ

**НИКОГАШ ВЕЌЕ**

НЕМА НИКОГАШ ВЕЌЕ
ДА ТИ СЕ ВРАТАМ
МЕ УБИВА ПОМИСЛАТА
ТЕ УБИВА ВРАЌАЊЕТО - МИ ВЕЛИ
ПОМИСЛАТА - И ВЕЛАМ
ВРАЌАЊЕТО
ПОМИСЛАТА
ШТО НЕМА НИКОГАШ ВЕЌЕ
ДА ТИ СЕ ВРАТАМ

**КОГА КОЊИТЕ УМИРААТ**

САМО ТИ ЈА ДОКАЖУВАМ
ВЕРНОСТА НА БОИТЕ
ДА НЕ МЕ ПРАШАШ
ЗОШТО ТИ ДОАЃАМ
ВЕРНОСТА НА ШУМИТЕ
ВО КОИ ДОЛГО ТРААТ
СЕЧИТЕ
ВЕРНОСТА НА РЕКИТЕ
НИЗ КОИ ПЛОВАТ
СТЕБЛАТА ОД ШУМИТЕ
ВЕРНОСТА НА ТРАГИТЕ
ШТО КРВАРАТ
КОГА КОЊИТЕ УМИРААТ
ВЕРНОСТА НА ПТИЦИТЕ
НА СРНИТЕ
ДА НЕ МЕ ПРАШАШ
ЗОШТО ТИ ДОАЃАМ

**ДИЈАНА**

НЕМА НИКОГАШ ДА ГО ВИДАМ
ПАРИЗ
КРАТКИ СЕ МОИТЕ ПАТИШТА
ДИЈАНА
ТЕШКИ ВОЗДИШКИ
ДОЛГИ ТРЕПЕРЕЊА
СИ ПОМНИШ ЛИ
НА ЧИСТАЧОТ НА ПАРИСКИТЕ УЛИЦИ
И НЕГОВАТА ЖЕТВА
НА ЖИТОРОДНИ ПОЛИЊА
ШТОМ ЗАТВОРЕЛ ОЧИ
ВАНГОГОВИТЕ ПОЛИЊА ВО АРЛ
НЕЖНИ СЕ ТВОИТЕ РАЦЕ
ДИЈАНА
ЗА ДОПИР И МИЛУВАЊА
ПРЕНЕЖНИ ЗА ОДБРАНА
ОД ПОВТОРНИОТ ГРАБЕЖ
НА ПАРИС
ВО ПРЕГРАТКИТЕ НА СМРТТА
ОВОЈПАТ ТВОЈА
РАЗРУШЕНИ СЕ СТОЛБОВИТЕ
НА ТРОЈА
РАЗОРЕН Е ДРЕВНИОТ ГРАД
ЗАПАЛЕНИ КУЌИ
ПОТОПЕНИ КОРАБИ
ВИЈАТ СИРЕНИТЕ
ПО ПАРИСКИТЕ УЛИЦИ
ТВОЈАТА СМРТ КАКО ВЕСТ
ГО ПОПЛАВУВА СВЕТОТ
СЕ ПАЛАТ ВЕСТВАЛСКИТЕ ОГНОВИ
НАВЕДНАТИ ГЛАВИ
ТЕШКИ ЧЕКОРИ

НЕМА НИКОГАШ ДА ГО ВИДАМ
ПАРИЗ

НИТУ ПАРИЗ ТЕБЕ
НИКОГАШ ВЕЌЕ
ДИЈАНА

**ПОМАЗАНИЕ**

ТИ НЕ БРИШЕШ СОЛЗИ КРЕВКИ
ПОТЕКЛЕ НИЗ ОБРАЗ ДРУГ
ЗА ТЕБЕ Е СВЕТОТО СЕНКА
ШТОМ МОЌТА Е САМО СЛАБОСТ
ЗА ТЕБЕ Е СОНОТ СТВАРНОСТ
ШТОМ БЕГА ОД СЕБЕ САМ
ЗАР ЉУБОВТА КРВ И ПЛАМЕН
НЕ ЌЕ ЗГАСНЕ В ЧАСОТ ШТОМ
ТЕ ПРОКОЛНАТ МРТВИ ПТИЦИ
ЗАБОРАВЕН НЕКОЈ ЛЕТ
И ЗАР МУДРОСТ ГРБАВ ЧЕКОР
ШТО ПОДАВА ДАР ДА ТЕЖИ
ПОМРАЧНА ОД КОРЕН ЌЕ Е
ШТОМИСКАПЕШ ТЕЛО В СКУТ
ЌЕ ПРЕСРЕТНАМ СТАРИ ЖЕНИ
НАРЕЧНИЦИ ОД ДАМНИНА
ДА МИ ПРОСТАТ ШТО ТЕ СОНИВ
В РАНИ МУГРИ РАСПОСЛАНА
ТИ ШТО ГРЕШНИ МИСЛИ БУДИШ
ПОД ПАЗУВИ ОРОСЕНИ
ДА ТЕ ЗЕМАТ В ДРЕВНО КРИЛО
СО ВЛАЖНИ РАЦЕ ТЕ ПОМАЗАТ
ЗАШТО ВЕЛАТ УБОСТ КЛЕТА
ДУША ТИ НАГРДИЛА

**ДОДЕКА ЈА НЕМА**

ДОДЕКА ЈА НЕМА
ЗБОРУВАМ СО НЕА
ОД ОСАМА
ДОЕКА ЈА НЕМА
ЈА НЕМА...
КАДЕ СИ - И ВЕЛАМ
ДОДЕКА ТЕ НЕМА
ЗБОРУВАМ СО ТЕБЕ
ДОДЕКА ТЕ НЕМА
ТЕ НЕМА...
ОВДЕ СУМ - МИ ВЕЛИ
ДО ТЕБЕ
ЗАР НЕ МЕ ГЛЕДАШ
НЕ МЕ ГЛЕДАШ
НЕ МЕ ГЛЕДАШ...
САМО ГЛАС ТИ СЛУШАМ
ГЛАС ТИ СЛУШАМ
ГЛАС ТИ СЛУШАМ...

## НА ПОСТЕЛА ОД ВОДИ

И ВОДАТА СИ НАШЛА СВОЕ МИРУВАЊЕ
ПРЕД ОЧАЈНАТА ПОМИСЛА НА ПАЃАЊЕТО
И СМРТТА ЗНАЕ ЗА СВОЕТО РАЃАЊЕ
КОГА НЕ ОБЗЕМА
ДОДЕКА ТИ ПРЕВИРАШ
БЕСНИ БРАНОВИ ТИ ЈА КИНАТ УТРОБАТА
РАНИ ВЕТРОВИ ТЕ РАЗНЕСУВААТ
ДОДЕКА БРАНУВАШ ЕДНОСТАВНО
СО ТРЕПЕТЕН ЗВУК НА ВОДЕНИ СТРУНИ
НА ГРИВИ ОД КОЊИ РАЗИГРАНИ

**СУДБИНСКА**

ДОДЕКА ОНА ГО ВАРЕШЕ МОЕТО КАФЕ
ЈАС ГО СЛАВЕВ НЕЈЗИНИОТ ЈОВАН КРСТИТЕЛ
СЛУШАЈЌИ ПЕСНИ СЛАВЕНИЧКИ
НИШТО ПОВЕЌЕ НЕМАШЕ МЕЃУ НАС
ВО МЕЃУВРЕМЕ МИНА СЕ
И НЕЈЗИНИТЕ ЗДОДЕВНИ ГОСТИ
И НЕЈЗИНИТЕ ПРЕКРАСНИ ПОГЛЕДИ
И МОЕТО СИРОМАШНО ДОДВОРУВАЊЕ
НА КРАЈОТ ОСТАНАВМЕ
ЈАС МОЈАТА ПАПКА ПОЕТИ
И ЧАША ЦРВЕНО ВИНО ПИЕЈЌИ
САМО ДА ДОГОРАМ

УТРИНАТА ЈА ЗАТЕКОВ ВО НЕЈЗИНАТА СОБА
И ЧИНЕВ НЕШТО ОД НЕА СУМ ЗЕЛ
КОГА НЕЖНО МЕ ПОМИЛУВА

ПОДОЦНА САМО ПОДЗЕМАВ СИЛА
ЗА ПОЗДРАВ ВЉУБЕН ВО ЕДЕН ЗДИВ
КОГА НА ПРАГОТ ТАГОВНО МИ РЕЧЕ
БОЛЕН СИ ТИ

**БЕСКРАЈНА**

СПУШТА ГРАДИ
СПУШТА ГРАДИ
СПУШТА ГРАДИ
КО ОПТЕГНАТ СВИЕН ЛАК
РАСПОСЛАЛА ЦРНИ КОСИ
ЦРНИ КОСИ
ЦРНИ КОСИ
ПРЕД ОЧАЕН БАКНЕЖ ДИВ
ПЛЕТЕ НОЌТА ТЕНКИ СРНИ
СПУШТА ГРАДИ
ЦРНИ КОСИ
ПИШТИ ВЕТРОТ
В ДОЦЕН ЧАС
ОД УТРОБА ДИВИ ЗВУЦИ
ДИВИ ЗВУЦИ
ДИВИ ЗВУЦИ
НАД ОСАМЕН КУЌЕН ПРАГ
ЕДРИ КРВТА МОДРИ ЖИЛИ
МЛАДИ ВЕТКИ
ТЕНКИ СТРУНИ
СТЕГА ГРЛО ВОДЕН БРАН
ЗАПРЕТАЛЕ МЛАДИ СРНИ
МЛАДИ СРНИ
МЛАДИ СРНИ
ПО ГОЛИОТ ШУМСКИ ПАТ
СПУШТА НОЌТА ДОЛГИ ВЕЃИ
ТЕНКИ РЕСИ
ЦРНИ КОСИ
НАД НЕБЕСЕН ТЕМЕН ШИР
ЗАКРИЛИЛЕ ЦРНИ ПТИЦИ
ЦРНИ ПТИЦИ
ЦРНИ ПТИЦИ
КО ФАЌЕЛИ ОД ОГАН ЖИВ

**ЕДНА Е НАМЕРАТА**

НЕ Е ВАЖЕН
НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ
СО МЕЧ
БИЛО КОЛЕЦ
ИЛИ ЗБОР
КОГА ЕДНА Е НАМЕРАТА
ОД ИСКОНИ
НИТУ РАКАТА Е ВАЖНА
КОГА ЗАМАВНУВА
ОКО ШТОМСЕ ДАЛО
ДА ЗАСТРЕЛА
СО СИЛАТА И СТРАСТА
ОЧАЈОТ И ОМРАЗАТА
НИТУ КРВТА Е ВАЖНА
ШТО СЕ ПРОЛЕВА
НИТУ СМРТТА
КОГА ЕДНА Е НАМЕРАТА
СО КОЈА МИ ДОАЃАШ
ТАИНСТВЕНА
СОВРШЕНА

**ТАКА ЧУВ**

ТАКА ЧУВ
НИЗ ЕДНО ОКО И ПОТЕКЛЕ ВОДИ
ВО ДРУГО ДА БРАНУВААТ
ДОЛУ КРАЈ БРЕГОТ
ШТОМ ПОСЛАЛА КОСИ
И ВИДЕЛА ТРАГ

СО ЕДРА ЗВУЧНОСТ НА ПЕСОЧНИ СТРУНИ
ВЕТЕРОТ КРЕВАЛ НЕМИРЕН БРАН
И САМО ШТО ЕДРА СПУШТИЛ ЗА СПОКОЈ
ВИДЕЛА ТРАГ

КО НЕ ЕДНАШ ОЧАЈ ДА ПОДАВА СИЛА
НАД СВИЕНИ ПЛЕЌИ КО ОПТЕГНАТ ЛАК
СО КРЕПА НЕЖНОСТ
ДА ЗАСУКА РАКАВ
И НАПИПА ТРАГ

ОД ОГАН ШТО ЖАРИ ПЕСОЧНИ ДЛАНКИ
СЕ ДАЛА ТРКУМ КРАЈ БРЕЖНИОТ ПАТ
НЕМА ОД ЛУДОСТ ДА ПОМЕША СТАПКИ
И ЗАГУБИ ТРАГ

**ДАЛЕЧНА И ГОЛА**

ОСТАВАМ ДЕТЕ ДА МИ ПРОДИРА В ГРАДИ
ПРЕСЛАБ СУМ ЗА СЕКОЈ ДОПИР И ЗБОР
НЕЧИЕ КРИЛО МЕ СЕНИ И МОРИ
НЕЧИЕ ОКО ЗА РАЗНЕЖЕН СОН
ТИ ПАК КРАЈ МЕНЕ БОСА ДА МИНЕШ
ДА ПОСЕЕШ МОМИН ОДГОЛЕН СКУТ
ДА ЗАЈДАМ ВО ТИЕ ПРЕДЕЛИ НЕМИ
ПРЕКРШАМ ТЕЛО ОД СЛАБОСТ И БЛУД
КО ПРОСЈАК ДА ДЕМНАМ НАД ПЛАМЕНИ ЗОРИ
И ВЕТЕРЕН ЗДИВ

ДАЛ ОД ТЕБЕ САМО ПРЕВИРА МОРЕ
ШТОМПРЕСВЛЕЧЕШ СТАВА ЗА НЕГОВО ДНО
НЕЖНО ДА ДОПРАМ СТАР ОДГОЛЕН КАМЕН
СТАМЕНА ШКОЛКА ПРЕД НАПУШТЕН ДОМ
В ГРЧ НЕСПАН ДА БДЕАМ НАД НЕМИРНИ ВОДИ
ШТОМРАЗБРАНАТ ДУША И НАРУШАТ СОН
ТИ ЕДНА ШТО САМА И ДАЛЕЌНА ОДИШ
ПРЕД ИЗДИШКИ БОЛНИ КРАЈ МОРСКИОТ БРЕГ
ВО ПРЕМРЕЖНА ИГРА КОГА МЕ БУДИШ
И ОД СЕБЕ ДЕЛ

ПОТАЈНА СИЛА МЕ ДЛАБИ ИГУШИ
НЕ СЕТИВ РАЦЕ ДА МЕ ДОПРЕ ШТО
ВО ОВАА РАНА КРВАВА ЗОРА
ПРЕД ОБРАСНАТ КОРОВ НАД САМИОТ ПРАГ
ЕДНА САЛ ГОЛА ТИ ДА МИ ИДЕШ
ПО СТАРИОТ КОЛСКИ НАКРИВЕН ПАТ
В НЕМИР ДА ЧЕКАМ НА ГОЛИОТ КАМЕН
УМОРЕН ТАКА ДА ПРЕСТОРАМ СОН
СТАРИЦИ ЖЕНИ КАКО ТЕ НОСАТ
НА РАСПОСЛАНИ КОСИ ВО КУЌНИОТ ДВОР

**ИМА НЕШТО**

ИМА НЕШТО ВО ОЧИТЕ
ВО КОСИТЕ
НА УСНИТЕ
НИЗ ГРЛОТО
ШТО СЕ СЛЕВА
ЗА СКОК ОД СРЦЕ
ВО УТРОБА
ДА ПРЕВИРА
ДА СЕ ПЕНИ
И ДА РАЃА
МАЛИ НЕШТА
ЗА ИДНИНА
НА ГРАДИТЕ
НЕШТО ИМА
ШТОМ ЈА ВИДИШ
РАЗГОЛЕНА
ДА И ЛАЗИ
ПО БЕДРАТА
НА КОЛЕНА
ДА ПОЧИВА
ИМА НЕШТО
НЕШТО ИМА
ШТОМ ЈА ВИДИШ
НА ПОСТЕЛА
РАСПОСЛАНА
КАКО СПРЕМА
ПАЗУВИ ЗА  КОЛЕВКА

**НАЛИК НА ГОЛА ЖЕНА**

СЕ УШТЕ ДИВИ КОЊИ
КУЧИЊА БЕСНИ ЛААТ
НОЌТА Е ЦРНА РЕКА
ДЛАБОКО СКРИТО ДНО
ПОТАЈУМ САМ ВО МРАКОТ
БЕЗДОМЕН СКИТНИК НЕМЕЕ
НЕЧИЕ ОКО МОРИ
В ПАЗУВИ БЛУДЕН СОН

ЗАТОА САМО РЕСИ
ОД МОМИНСКИ ПРЕВЕЗ БЕЛ
ОД ПЕПЕЛТА СЈАЈ ШТОМ ПЛАМНЕ
И ШТОМ БЛИКНАТ ОД НЕКАДЕ
ПОДЗЕМНИ ДИВИ ВОДИ
В ГРАДИ ДА ЗГАСНАТ ЖЕД
А ПОТАМУ НЕКА ЛУДАТ
ПРЕД РАЗРУШЕН КУЌЕН ПРАГ

ОД ИСКОНИ ЗБОРОТ ПЕНИ
РОМОРИ КАМЕН БЕЛ
НАЛИК НА ГОЛА ЖЕНА
ЗДАВЕНА В РЕЧЕН ВИР
ПОСЕАЛ МРАКОТ КОСИ
РАЗБУКТИЛ В ГРАДИ ПЛАМ
ОД УТРОБА ДИВИ ЗВУЦИ
ЗА НЕБЕСЕН ЅВЕЗДЕН ПИР

**ИСПЛАВЕНА**

ОДПРВИН МЕ ОБЗЕДЕ ПОТТА
ЛАДНИ МОРНИЦИ МЕ ПОЛАЗИЈА
НЕКА - СИ РЕКОВ
ИМА ДЕНОВИ
КОГА И ДОЖДОВИТЕ ДОАЃААТ
ДА НЕ РАЗЛАДАТ ДО УТРОБА
ИМА ВЕТРОВИ СВИЕНИ
ВО ШУМСКИ ГРЛА

ПОДОЦНА МЕ ПОПЛАВИЈА ВОДИ
БЕСНИ БРАНОВИ МЕ ЗАПЛИСНАА
ПОСТОЈ - СИ РЕКОВ
ИМА МЕСТА НЕДОПРЕНИ
КАДЕ И КРВТА ПОТЕКУВА
КАКО ОД ИЗВОРИ

НА КРАЈОТ ИЗЅЕМНАВ СЕТА
СИЛНИ ВЕТРОВИ МЕ ЗАДУВАА
ПЛАЧИ - СИ РЕКОВ
ШТОМ ВЖЕШТЕНИ СОЛЗИ
НА ГРДИ ТИ КАПНАТ
ВОДИ ЌЕ ТЕ ИСПЛАВАТ

**СО НЕА**

СО ТЕКОТ НА ВРЕМЕТО
ГИ ГУБИМЕ ПОТРЕБИТЕ
КОГА СИ МЕ РАЗГОЛЕЛ - МИ ВЕЛИ
ПОТРЕБАТА ЗА ВОДА - НА ПРИМЕР
КОГА СИ МЕ ЗАДОИЛ
ПОТРЕБАТА ЗА ХРАНА
КОГА СИ МЕ ОБЉУБИЛ - МИ ВЕЛИ
ЗА ЖЕНА
ПОТРЕБАТА ЗА ОГАН - НА ПРИМЕР
И ПОСТЕЛА
КОГА СИ МЕ НАСЛИКАЛ - МИ ВЕЛИ
ЗА ЗАБОРАВ
ПОТРЕБАТА ЗА ОДМАЗДА - МИ ВЕЛИ
НИЗ УДАРИ
ПОТРЕБАТА ЗА НЕЖНОСТ - И ВЕЛАМ
И КРВАРАМ

**УТРИНСКА**

ПРОЛЕТНО КРШТЕВАЊЕ
ТРОШНО ЗДРАВЈЕ
ПРЕСЕЧЕНА ПОГАЧА НА ДВЕ

ИСТУРЕНИ ПОРТИ
ЧАША ЦРВЕНО ВИНО
ПРОКАПЕНА ЗОРА

РАСПОСЛАНО ТЕЛО
ПОРОЈНИ ВОДИ
КОСИ РАСПУШТЕНИ

СЕ ЗБОГУВАВ СО ВЕЧНОСТА
КОГА ЈА ВИДОВ
КАКО СЕ БУДИ

## ЗАГЛЕДАНИ ВО ЖЕНИТЕ

ЗАГЛЕДАНИ ВО ЖЕНИТЕ
КОГА ЛЕГНУВААТ
ГОЛИ НА ПЛАТНА
ОД СЕДЕФ И ПУРПУРИ
ЗАГЛЕДАНИ НИЗ МАГЛИ
ВО ПРИВИД ОД ДВИЖЕЊА
НА ГРАДИ
КОЛКОВИ И РАМЕНА
БЕЛ ТРПЕТ ЗА ОЧИ
ОСТРИ БОДЕЖИ
ЗАГЛЕДАНИ ВО ЖЕНИТЕ
КОГА СПИЈАТ
СО РАСПОСЛАНИ КОСИ
ГОЛИ НОЗЕ И БУТИНИ
ДОЛГ ПРЕВЕЗ ОД МРЕЖИ
СИЛНИ ОГНОВИ
ЗАГЛЕДАНИ ВО СМРТТА

**АКО НЕ ВИ Е ДОВОЛНО КАФЕТО**

АКО НЕ ВИ Е ДОВОЛНО КАФЕТО
ЌЕ ВИ ПОНУДАМ И ЦИГАРА
ЧАША ВИНО ОД ПОДНЕБЈЕТО НА МАКЕДОНИЈА
ПРОШЕТКА ПО СОБИТЕ
ИЗБОР НА ДОБРА КНИГА
ПАНОРАМА НА ЗАЛЕЗ
ОД ЦВЕТНАТА МАНСАРДА
СО ПОГЛЕД ШТО ПЛЕНИ
СО НАСМЕВКА ШТО ЛЕКУВА
ВЕРУВАЈТЕ МОЖАМ ЗА ВАС
МНОГУ ШТО ДА НАПРАВАМ
ДОБА Е НА ВЕТРОВИ ВО КОИ
СЕ МИ ОДИ ОД РАКА
ШТО И ДА ДОПРАМ
ГОРИ И НАБАБРУВА
ШТО И ДА РЕЧАМ
ШТО И ДА НАПИШАМ

АКО НЕ ВИ Е ДОВОЛНО КАФЕТО
САМИОТ ЌЕ ВИ СЕ ПОНУДАМ

**ДОБРА НОЌ СЕМИОТИЧАРИ**

ЗНАМ ДЕКА Е ПРОСТА
ПОЛНА СО ГАФОВИ
ИЗЛИТЕНИ ФРАЗИ
НЕПОДВРАТЕНИ ФУСТАНИ
КОЛКУ ПАТИ ПОТКЛЕКНАЛА
НО СЕПАК Е МОЈА
И СИЛНО ЈА ЉУБАМ
КАКО ЖЕНА
ШТО ЧУДЕСНО СЕ ПОДАВА
НА БЕЛИ ПОСТЕЛИ
КАКО МАЈКА НА ДЕЦА
ЛИЧНИ НА НЕА
КАКО ОБЛИК
ШТО СЕ ДВИЖИ И МЕНУВА
КАКО ЗНАК
ШТО ВЕРНО МЕ СЛЕДИ
И МЕ ОПРАВДУВА
ДОБРА НОЌ СЕМИОТИЧАРИ

**НИКОГАШ НЕ СУМ ТЕ ГОНЕЛ**

НИКОГАШ НЕ СУМ ТЕ ГОНЕЛ
ПО УБАВИ ПРЕДЕЛИ
ПО ПЕСОЧНИ ПЛАЖИ
ДЛАБОКИ ШУМИ
ГОРСКИ ИЗВОРИ
СО ТЕБЕ ДА СУМ БИЛ
СЕКОГАШ СПРЕМЕН
ДА СЕ СПРУЖАМ
ПРЕД ТВОИТЕ СКУТОВИ
ПОСТЕЛИ БЕЛИ
ПУРПИРНИ БОИ
БУЈНИ ОБЛИЦИ
РАКА ДА СУМ СВИЛ
СЕКОГАШ МАЛЕН
СТОЛЧЕН БЕЗ СИЛА
ЗА НАЈБЛАГ ДОПИР
НА ТВОИТЕ РАМЕНА
ГРИВА ОД КОСИ
ПЛАТНА ОД СЕДЕФ
ГОЛИ БУТИНИ
НИКОГАШ НЕ СУМ ТЕ ГОНЕЛ
ПО УБАВИ ПРЕДЕЛИ

**ОДМАЗДА**

ТАА Е БОГАТА
И СЕ УШТЕ ПОДАТЛИВА
ПЕДЕСЕТГОДИШНА ЖЕНА
А ТОЈ АПОЛОН
ШТОТУКУ ИЗЛЕЗЕН
ОД НЕЈЗИНАТА БАЊА
СО КРПА ПРЕКУ РАМЕНА
СЕГА ВЕЌЕ НИКОЈ НЕ МОЖЕ
ДА ЈА ПОКОЛЕБА ВО НАМЕРАТА
НА ЕДНА ДАМНЕШНА ПРЕЉУБА
НА СЕГА ВЕЌЕ СТАРИОТ
И СНЕМОЖЕН МАЖ
ДА МУ ВРАТИ СО ПРЕЉУБА
СО ЗАРОБЕНИОТ АПОЛОН
ВО НЕЈЗИНАТА БУЈНА
И МИРИЗЛИВА ГРАДИНА
СЕГА ВЕЌЕ НИШТО НЕ МОЖЕ
ДА ЈА ОДВРАТИ ОД НАМЕРАТА
СИТЕ БОЛКИ ВО ЖИВОТОТ
ДА ГИ ПРЕТВОРИ ВО СТРАСТИ
ВО СИЛНИ ВОЗДИШКИ
КОН МЛАДИОТ ЉУБОВНИК

ЈА ПОДРЖУВАМ ВО НАМЕРАТА

**СИТЕ ТАЈНИ ПРЕДЕЛИ**

СИТЕ ТАЈНИ ПРЕДЕЛИ
ПОЧИВААТ НА ТВОИТЕ КЛЕПКИ
ДО КАДЕ ТИ ДОПИРА ПОГЛЕДОТ
КОГА ТЕШКО ГИ СПУШТАШ
ОД УМОРА
ДО КАДЕ ОКО
КАЖИ
ШТОМ САМИ ОД СЕБЕ
ДОЛГО СЕ ПРАШАТ
ДАЛИ САМИ МОЖАТ
ДА ЗАКРИЛАТ
ШТОМ САМИ ОД СЕБЕ
ДОЛГО СЕ КЛАСАТ
ДА ТЕ ЗАМРАЧАТ
ДО КАДЕ ПЕРО
КАЖИ
СИТЕ ТАЈНИ ПРЕДЕЛИ
ПОЧИВААТ НА МОИТЕ КЛЕПКИ
КОГА ТЕШКО ГИ СПУШТАМ
ОД УМОРА
ТАКА ВО НИВ ЈАС
ПОЛЕСНО ЌЕ ЗГАСНАМ